

# Правилно постапување

Етички кодекс

Johnson Matthey
Inspiring science, enhancing life

## Нашиот Кодекс

Нашиот кодекс ќе ви помогне да ги најдете и разберете принципите, стандардите на фирмата и политиката на „Џонсон Мети“ што се однесуваат на вашето работење.

Кодексот е поделен на четири дела: **„Луѓе“**, **„Пазар“**, **„Фирма“** и **„Планета“**.

Во нашиот Кодекс ќе најдете информации каде да се обратите за помош во зависност од темата.

Запознајте се детално со содржината.

Внимателно размислете за темите што се однесуваат на вашата улога во „Џонсон Мети“ и побарајте помош ако ви требаат понатамошни насоки. Списокот со придружни политики и стандарди може да се најде на страница 88.

Ако имате општо прашање или сакате да **пријавите** нешто, ве молиме, погледнете ја страницата 10 за понатамошни информации.

### Нашиот кодекс на интернет

За да ја посетите страницата, одете на **ethics.johnsonmatthey.com**



### Нашите заложби

Нашиот кодекс содржи шест заложби што не водат при донесувањето на одлуки, за да сме сигурни дека постапуваме правилно. Се заложувам дека:

- ќе ги разбирам и следам принципите на Кодексот
- ќе барам помош и ќе **Пријавувам** кога ќе имам проблеми
- ќе работам безбедно и ќе ги почитувам правата на другите
- ќе работам одговорно, праведно и законски
- ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „Џонсон Мети“
- ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлив бизнис

## Вовед

Се заложувам дека ќе ги разберам и почитувам принципите на Кодексот

Порака од нашиот главен извршен директор 2
Примена на нашиот Кодекс 4
Правилно постапување 6
Зошто некој би постапил неправилно? 8
Правилно одлучување 9
Како да побарате помош и да **пријавите** 10
Се заложувам дека... 13

## Луѓе

Ќе работам безбедно и ќе ги почитувам правата на другите 16

Здравје и безбедност 18
Позитивна работна средина 21
Заштита на податоци 24
Човекови права 26
Конфликт на интереси 29

## Пазар

Се заложувам дека ќе работам одговорно, праведно и законски 32

Трети лица 34
Поткуп и корупција 37
Подароци и гостољубивост 40
Фер конкуренција 43
Финансиски криминал 46
Контроли на трговија и на извоз 49
Предупредувачки знаци на трансакција 52

## Фирма

Ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „Џонсон Мети“ 54

Корпоративна безбедност 56
Безбедност на информациите 59
Интелектуална сопственост 62
Деловно и финансиско известување 64
Точност на евиденцијата 66
Точност на податоците 68
Социјални медиуми 71
Внатрешни информации 73

## Планета

Ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлив бизнис 76

Интегритет на нашиот синџир на набавки 78
Животна средина 81
Раководење со производот 83
Инвестирање во заедницата 85

# Порака од нашиот главен извршен директор



„Сите треба да бидеме одговорни за етичко однесување и носење правилни одлуки во нашата секојдневна работа.“

Добре дојдовте во Етичкиот кодекс, којшто претставува наш водич како да Постапуваме правилно во ЏМ.

Во нашата дејност многу често зборуваме како да Постапуваме правилно, бидејќи сè што правиме се потпира врз тоа. Начинот на кој комуницираме меѓусебно на работното место и работиме со клиентите, снабдувачите и другите трети страни, мора биде етички и доследен со нашите вредности. Лесно е да го кажеме ова, но Кодексот е тука за да ни помогне да го спроведеме кога се соочуваме со секојдневните притисоци што се јавуваат во животот.

Сите треба да бидеме одговорни за етичко однесување и за носење правилни одлуки во секојдневната работа. Одвојте време за да се запознаете со Кодексот и бидете сигурни дека ја разбирате вашата лична одговорност за Правилно постапување. Секогаш барајте помош ако ви треба.  Ако видите или слушнете нешто што ви се чини дека е неправилно, ве молиме да го пријавите. Што побрзо кажете нешто, толку побрзо ќе можеме да преземеме дејство за да спречиме да се случи нешто лошо.

Сите имаме улога заеднички да го штитиме угледот на ЏМ, секој ден, каде и да се наоѓаме. Осврнувајте се често на Кодексот во вашата работа за да бидете сигурни дека ја исполнувате вашата улога во Правилното постапување.

**Liam Condon,**
Главен извршен директор

# Примена на нашиот кодекс

Како да се однесуваме и работиме како компанија е важно.

Културата на „Џонсон Мети“ е личноста на компанијата – како работиме и што ни е важно. Начинот на кој ја опишуваме и ја живееме нашата култура е отсликан во нашите вредности. „Џонсон Мети“ има пет вредности што го одразуваат начинот на кој работиме кога сме најдобри. Нашите вредности го препознаваат она што нè направило успешни во минатото и она што ќе нè направи да бидеме успешни во иднината.

## Ги живееме нашите вредности за нашите луѓе

- **Заштита на луѓето и планетата**
  – Ги применуваме највисоките стандарди за здравје и безбедност, поддржуваме благосостојба како за луѓето на работното место, така и надвор од него и настојуваме да ја заштитиме нашата планета.

- **Постапување со интегритет**
  – Ние го правиме она што велиме дека ќе го направиме, го очекуваме истото и од другите и пријавуваме кога се јавува проблем. Им даваме важност на внатрешните и надворешните односи, се однесуваме кон другите со почит и грижа.

- **Заедничко работење**
  – Ја охрабруваме соработката во „ЏМ“ и надвор од неа, споделувањето и прифаќањето на различни гледишта. Ги решаваме проблемите заеднички, ги реализираме нашите идеи и се гордееме што ги комбинираме нашите придонеси за да создадеме нешто подобро за „ЏМ“ и нашите клиенти.

- **Иновации и подобрување**
  – Се прилагодуваме и прифаќаме нови идеи што нè прават посилни, а нашиот свет почист и поздрав. Ние сме сигурни и се приспособуваме на промените; растеме и се развиваме себеси и „ЏМ“ со цел да обезбедиме дека сме лидери во нашите избрани пазари.

- **Одговорни сме за сопствените активности**
  – Ја преземаме одговорноста за сопствената работа и знаеме дека сме дел од нешто поголемо. Преземаме иницијатива, бараме јасност и високи стандарди од себе и од нашите колеги.



## Визија

# Нашата визија е за Свет што е почист и поздрав денес, но и за идните генерации.

## Стратегија

**Наука**
Инвестирајте во нашата прволасна наука и технологија.

**Клиенти**
Користете го Кодексот за да ги решите сложените проблеми на нашите клиенти; водете во високо профитабилни, технолошки управувани пазари.

**Работа**
Работете како побезбедна, поповрзана, побрза и поефикасна глобална дејност. Тоа е овозможено од нашите три клучни програми за трансформација.

**Луѓе**
Испорачувајте преку нашите извонредни луѓе.

## Вредности

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Заедничко работење
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

## Нашиот Кодекс



Нашиот Кодекс ги нагласува нашите вредности и стратегијата и ни помага да разбереме што значи да се Постапува правилно во „ЏМ“.

Каде и да се наоѓате, нашиот Кодекс е тука да ви помогне.

# Правилно постапување

## Се заложувам дека ќе ги разберам и почитувам принципите на Кодексот

### Што претставува нашиот Кодекс?

Нашиот Кодекс е рамка што ќе ни помогне на сите нас да постапуваме правилно. Делумно, тој претставува патна карта што ќе ви помогне да ги најдете и разберете принципите, стандардите и политиките на фирмата што се однесуваат на вашата работа. Тој е, исто така, израз на нашите заеднички вредности и начинот на кој работиме, што ќе ни помогне да работиме отворено, чесно и етички. Често, на работното место треба да донесеме одлуки или се соочуваме со етички дилеми за кои не постои конкретно правило или јасна насока. Во овие ситуации, сепак треба да донесеме правилна одлука. Иако нашиот Кодекс не нуди одговор за секоја ситуација, тој ќе ви помогне да се снајдете во носењето одлуки. Користете го често во вашата работа, користете го здравиот разум и секогаш побарајте насоки, ако се ви потребни.

### На кого се однесува?

Нашиот Кодекс се однесува на секој во нашата компанија, на секое ниво, насекаде во Светот. Луѓето и организациите што соработуваат со нас мора да се однесуваат во склад со нашиот Кодекс кога дејствуваат во наш интерес или во наше име.

### Со кого соработуваме?

Како компанија, „Џонсон Мети" сака да работи со луѓе и организации чии вредности се усогласени со нашите, така што нашиот углед да не биде оштетен заради лоши избори на нашите деловни партнери. Внимателно ги избираме нашите трети соработници (вклучувајќи ги и нашите клиенти) и превземаме чекори за да бидеме сигурни со кого работиме, без оглед на тоа дали се клиенти, добавувачи, партнери, претставници, дистрибутери, даватели на логистички услуги или која било друга страна со која што соработуваме.



## За што сум јас одговорен?

- Запознајте се со содржината на Кодексот (особено со заложбите).
- Размислете внимателно за темите поврзани со вашата улога, разберете ги и следете ги политиките, принципите и стандардите поврзани со овие теми.
- Користете го Кодексот да ви помогне при носењето тешки одлуки – дури и кога не постои правило.
- Побарајте помош или обука ако ви треба.

## Како менаџер, имам ли некои посебни одговорности?

Како менаџер, вие имате посебна одговорност да промовирате добро деловно однесување и да се осигурате дека луѓето кои работат за вас ја поддржуваат и штитат нашата култура на Правилно постапување. Тоа можете да го правите ако:

- претставувате пример за делување што е во склад со нашиот Кодекс и да ги живеете нашите вредности,
- барате одговорност од вашиот тим за однесување што не е во согласност со нашиот Кодекс и нашите вредности,
- комуницирате често со вашиот тим, поединечно и колективно, за тоа што значи Правилно постапување,
- не избегнувате тешки разговори,
- најдете време да слушате и да нудите насоки,
- ги поддржувате оние кои **пријавуваат** и никогаш не дозволувате одмаздничко однесување,
- ги поттикнувате позитивните примери за Правилно постапување,
- ги отстранувате проактивно бариерите за Правилно постапување,
- ги препознавате празнините во обуката и развојот што се однесуваат на вас и на вашиот тим и работите на нивно решавање.

### Каде може да се обратам ако имам прашања за Кодексот?

Во Кодексот ќе најдете информации каде да се обратите за помош ако сакате понатамошни насоки во зависност од темата. Ако имате општо прашање или ако сакате да **пријавите** нешто, ве молиме, погледнете ја страницата 10 за понатамошни информации.

## Што да правам ако Кодексот доаѓа во судир со политиките и процедурите на „Џонсон Мети“ или со локалните закони, обичаи и практики?

„Џонсон Мети“ работи во многу земји во светот во контекст на голем број различни култури, закони и политички околности. Судири можат да настанат меѓу барањата на овој Кодекс и политиките и процедурите на фирмата или со локалните закони, обичаи и практики. Секогаш треба да постапуваме во согласност со највисокиот применлив стандард. Ако ситуацијата ви е нејасна, ве молиме, консултирајте се со правната служба на Групацијата или тимот за етика и усогласеност на Групацијата пред да продолжите.

# Зошто некој би постапил неправилно?

Добрите луѓе не постапуваат секогаш правилно. Ова може да се должи на неколку причини:

- **не знаат или не се свесни** – треба да ги познаваме политиките и процедурите за нашата конкретна работа, но не е можно да се биде експерт за сè. **Знајте кога и кого да прашате за помош**.
- **се наоѓаат под голем притисок** – дури и ако чувствуваме дека сме под притисок за подобар перформанс, во однос на времето или буџетот, никогаш не се работи за „бизнис по секоја цена“. **Ако чувствувате дека се наоѓате под некаков притисок да направите нешто што мислите дека не е исправно, пријавете**.
- **не сакаат да се издвојуваат од толпата** – често сакаме да се чувствуваме дека припаѓаме и не сакаме да ѝ се спротивставиме на групата. Треба храброст за да се гледа на поинаков начин. **Кога ќе ја пријавите вашата загриженост, ќе имате поддршка**.
- **Се убедуваат себеси дека некое дејство е правилно бидејќи им пружа нешто што сметаат дека го заслужиле** – понекогаш се обидуваме да го оправдаме неетичкото однесување поради сопствената перцепција за неправда или неправедно однесување. **Нема оправдување за неправилно постапување**.
- **Не им е грижа** – некои лица ги знаат политиките и процедурите, но од различни причини избираат да ги игнорираат или не ги сфаќаат сериозно. **Ако видите некого што ги крши правилата или се однесува несоодветно, пријавете**.
- **Мислат дека никој нема да забележи** – некои луѓе постапуваат неправилно кога сметаат дека никој нема да забележи, особено кога станува збор за „мали“ одлуки. **Секогаш треба да постапувате правилно, дури и кога знаете дека никој не гледа**.

**Знаци за предупредување дека нешто не е во ред. Бидете внимателни ако некој ви рече:**

- „Немаме друг избор”
- „Само што го уништив документот”
- „Така ги вршиме работите тука”
- „Сите го прават тоа”
- „Никој нема никогаш да дознае”
- „Не сакам да знам”
- „Тоа е за добра цел“
- „Можеме да го сокриеме“

# Донесување правилни одлуки

## Ние во „ЏМ“ ви веруваме дека одлучувате правилно.

Сепак, понекогаш може да се соочите со тешки одлуки или дилеми каде што не ви е јасно што треба да направите. Треба да го примените вашиот здрав разум и да делувате во согласност со принципите на Кодексот и нашите вредности, да најдете време да застанете, да размислите јасно за проблемот и да побарате помош доколку ви е потребна.

## Која е етичката дилема или одлуката што треба да ја донесам ?

**ТОГАШ ЗАПРАШАЈТЕ…**

Овие прашања ќе ви помогнат кога ќе носите тешка одлука:

- Дали е законска?
- Дали е усогласена со нашите вредности и нашиот Кодекс?
- Дали ја следи нашата политика?
- На кого влијае и дали тие сметаат дека одлуката е фер за нив?
- Дали јас чувствувам дека е правилно?
- Дали би се чувствувал/а пријатно да им ја објаснам одлуката на моите колеги, пријатели и семејството?
- Дали би се чувствувал/а загрижено ако одлуката би се појавила во насловите на вести или во социјалните медиуми?

**И СЕКОГАШ ПОМНЕТЕ:**

Никогаш не треба да се чувствувате приморани да правите тешки избори сами или без поддршка.

**ЗАПРЕТЕ!**

**Доколку вашиот одговор е не или не сте сигурни додека одговарате на кое било од овие прашања, тогаш ЗАПРЕТЕ и побарајте совет.**

## Можете да добиете совет на еден од следните начини:

- зборувајте со вашиот менаџер
- советувајте се со локалниот оддел за човечки ресурси и со правниот оддел
- зборувајте со Етичкиот Амбасадор
- советувајте се со тимот за етика и усогласеност на Групацијата

***Или, пријавете ја вашата загриженост преку услугата за Пријавување, ако се чувствувате непријатно со другиве методи.***

***За повеќе информации за пријавување на загриженост и што се случува потоа, погледнете на страницата 10.***

# Барање помош и пријавување

## Се заложувам дека ќе барам помош и дека ќе пријавувам кога ќе имам грижи

### Барање помош

Понекогаш, можеби ќе се најдете во ситуација кога нема да бидете сигурни како е најдобро да постапите. Кодексот ви нуди информации за низа теми, како и детали за понатамошни ресурси што може да ви дадат корисна насока. Ако, откако ќе ги разгледате сè уште не сте сигурни што треба да направите, постојат голем број луѓе што можат да ви помогнат, вклучувајќи го вашиот менаџер и одделот за Човечки ресурси (ЧР). Секогаш е подобро да побарате помош, отколку да не кажете ништо.

### Пријавување

Има моменти кога гледате, знаете, слушате или се сомневате дека нешто е небезбедно, неетичко или незаконско, нешто што можеби не е во согласност со нашиот Кодекс, нашата политика и постапките. Во таква ситуација имате одговорност да **Пријавите** и навремено да искажете загриженост. Колку порано **Пријавите**, толку е поверојатно дека влијанието на ситуацијата ќе се минимизира. Не чекајте други да **Пријават** или нешто навистина да тргне на лошо за да **Пријавите**.



Постојат неколку различни канали преку кои можете да побарате помош и да пријавите проблем:

**Вашиот менаџер**
Како општа насока, вашиот менаџер е првото лице на кое можете да му се обратите кога имате прашања, кога ви треба дополнителен совет или кога сакате да пријавите проблем.

**ЧР, правна служба на Групацијата, Тимот за етика и усогласеност на Групацијата**
Можеби ќе изберете да поставувате прашања, да побарате совет или да разговарате за проблеми директно со ЧР, правната служба или Тимот за етика и усогласеност на Групацијата.

**Други функции на Групацијата**
Ако вашето прашање или проблем е во надлежност на друга Групациска функција, како на пример, на тимот за животна средина, здравје и безбедност на Групацијата, можете да пријавите кај локалниот или контактот од Групацијата што ја врши таа функција.

**Етички амбасадори**
Етичките амбасадори се дополнителен контакт - можете да им поставувате прашања, да побарате насоки или да пријавите проблеми. Тие би требало да бидат во можност да ве насочат во вистинскиот правец за совет или да помогнат со општи прашања.

**Телефонска линија за Пријавување**
Можете да ја користите телефонската линија на „ЏМ" за **Пријавување**. Оваа телефонска линија/online служба работи независно од „ЏМ" и сите загрижености што се пријавуваат по овој пат се истражуваат преку Етичкиот панел.

За да ги најдете деталите за контакт или за да пријавите проблем преку интернет, посетете ја страницата:
**speakup.matthey.com**

Нашата цел е да бидеме сигурни дека сите проблеми пријавени преку кој било канал се решаваат брзо и темелно.

# Барање помош и пријавување
продолжение

**Доверливост и анонимност**

Кога **Пријавувате**, информациите што ќе ги дадете ќе се сметаат за доверливи. Тоа значи дека ќе се споделат само со луѓе што е неопходно да знаат.

Иако за „Џонсон Мети“ е полесно да се справува со проблемите кога се претставуваат отворено, разбираме дека во некои ситуации можеби ви е непријатно да го сторите тоа. Ако не сакате да се открие вашиот идентитет откако ќе пријавите проблем, можете да побарате да не се открива, освен ако не дадете овластување за тоа или ако мора да се открие по законска основа. Можете да пријавувате проблеми анонимно (онаму каде што е законски дозволено), како и преку телефонската линија за **Пријавување**.

Ги охрабруваме лицата што пријавуваат да се претстават, кога е можно. Тоа му овозможува на тимот за истраги:

- да ги провери фактите и побара појаснувања,
- да обезбеди да бидете сигурни дека истрагата нема случајно да го открие вашиот идентитет или да укажува на вас,
- да бидеш информиран/а за текот на истрагата,
- да бидеш информиран/а за исходот од истрагата.

**Никогаш не дозволуваме одмазда**

Ве охрабруваме да **Пријавувате**, а компанијата ќе ги штити вработените што пријавуваат проблем. „Џонсон Мети“ ги зема сериозно сите тврдења за одмазда или дискриминација кон некого како резултат на искажување на загриженост или помагањето во истрага. Ќе се справиме со одмаздувањето со покренување на дисциплинска постапка, за да ги заштитиме оние што постапуваат правилно и **Пријавуваат**.

Линиските менаџери треба да бидат свесни и да осетат потенцијални опасности од одмазда и треба да работат активно на нивното спречување.



## Што се случува кога ќе Пријавам проблем?

**Пријавените** загрижености стигнуваат до мал број луѓе од тимот на етика и усогласеност на Групацијата. Тие ќе го проценат проблемот и ќе ги разгледаат следните чекори, вклучувајќи и да побараат појаснувања од лицето што го пријавило проблемот и ќе одлучат кој е најсоодветен да спроведе истрага.

Секое **Пријавување** се пријавува кај Етичкиот панел. Етичкиот панел е составен од сениор лидери со работни места кои не се директно поврзани со кој било од секторите. Една од улогите на Етичкиот панел е да се осигура дека постои ефикасен преглед и/или истрага на **Пријавувањата** и дека истрагите се спроведуваат праведно и доследно. Откако истрагите ќе завршат, панелот дава препораки врз основа на наодите.

За повеќе информации во врска со процесот за **Пријавување**, можете да ги контактирате **Етичките амбасадори или некој од членовите на тимот за етика и усогласеност**.

Ако некој ви пријде со некаков проблем, треба да го сослушате внимателно пред да ја процените ситуацијата и да размислите што да направите следно. Во некои случаи, проблемот можеби може да се реши без да се вмешаат други лица освен оние што се вклучени, и/или кај соодветниот менаџер(и), но никогаш не треба да се двоумите дали да го информирате тимот за етика и усогласеност на Групацијата ако постои било каква загриженост. Во други случаи, проблемот ќе мора да се пренесе кај соодветната функција на ниво на Групацијата. Ако некогаш се двоумите што да правите, контактирајте со тимот за етика и за усогласеност на Групацијата. Детално “чекор по чекор” упатство ќе најдете во политиката за **Пријавување**, за да ви помогне кога некој ќе ви пријави проблем.

### Повеќе помош и ресурси

- Политика за Пријавување
- Локални човечки ресурси
- Правна служба на Групацијата
- Етички амбасадори
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата

# Се заложувам дека...




Ве молиме да ги погледнете нашите заложби на следната страница >



Се заложувам дека ќе ги разберам и почитувам принципите на Кодексот



Се заложувам дека ќе барам помош и дека ќе пријавувам кога ќе имам проблеми



Се заложувам дека ќе работам безбедно и дека ќе ги почитувам правата на другите



Се заложувам дека ќе работам одговорно, праведно и законски



Се заложувам дека ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „Џонсон Мети“



Се заложувам дека ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлив бизнис

# Нашите заложби:

## Што претставуваат нашите заложби за нашите етички амбасадори?

| | |
|---|---|
| **Се заложувам дека ќе ги разберам и почитувам принципите на нашиот Кодекс** | „Не е секогаш лесно да се донесе правилна одлука, но Кодексот е навистина корисен кога се соочувам со тешкотија“. |
| **Се заложувам дека ќе барам помош и дека ќе пријавувам кога ќе имам проблеми** | „Се чувствувам сигурно да го Пријавам проблемот и да ја искажам мојата загриженост и би ги охрабрил сите да го сторат тоа“. |
| **Се заложувам дека ќе работам безбедно и дека ќе ги почитувам правата на другите** | „Ние во „ЏМ“, се залагаме да ја ставаме безбедноста на луѓето на прво место и Кодексот го поддржува тоа.“ |
| **Се заложувам дека ќе работам одговорно, праведно и законски** | „За мене, суштината е да се работи на правилен начин, а не по секоја цена“. |
| **Се заложувам дека ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „ЏМ“** | „Горд/горда сум да работам во „ЏМ“, фирмата има добар углед и нејзините вредности ги одразуваат моите“. |
| **Се заложувам дека ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлив бизнис** | „Нашиот свет се менува и е наша одговорност да се грижиме за нашата компанија – сега и за идните 200 години“. |

# Луѓе

Се заложувам дека ќе работам безбедно и дека ќе ги почитувам правата на другите



| | |
|---|---|
| Здравје и безбедност | 18 |
| Позитивна работна средина | 21 |
| Заштита на податоци | 24 |
| Човекови права | 26 |
| Конфликт на интереси | 29 |




# Здравје и безбедност

**Во „Џонсон Мети“, здравјето и безбедноста се наш приоритет.**

Тоа значи дека сме фокусирани на заштитата на нашите луѓе и дека поставуваме високи безбедносни стандарди. Работејќи заедно, можеме да се осигураме дека сите имаме безбедна работна средина и дека ќе постигнеме и одржиме висока безбедносна култура.

## Безбедносни принципи

Сите вработени мора да ги почитуваат безбедносните принципи на „Џонсон Мети“, можете да очекувате од нас дека ќе ги поддржуваме како работодавач, и истото „Џонсон Мети“ го очекува од вас како вработено лице:

- сите повреди и професионални болести може се спречат,
- сите се одговорни за спречувањето на повредите и на професионалните болести,
- безбедното работење е предуслов за вработување,
- политиките за спасување живот и правилата за безбедност на фабриката мора да се почитуваат,
- за нашите вработени ќе промовираме свесност за здравје и за безбедност и надвор од работното место.



### Како ова се однесува на мене?

- ги познавам и ги поддржувам нашите безбедносни принципи и стандардите на однесување за здравје и безбедност и ќе постапувам во согласност со истите,
- применувам безбедно однесување на работното место секој ден и проактивно се трудам да ги минимизирам здравствените и безбедносните ризици,
- свесен/на сум за своите дејства и за дејствата на другите,
- учествувам во создавањето и промовирањето на безбедна работна средина за сите,
- ги почитувам сите политики за животната средина, здравјето и безбедноста и ги предизвикувам кои било барања на политиката што се чини дека е невозможно да се почитуваат,
- ја разбирам важноста на процесната безбедност и како тоа помага во спречување на големи инциденти, како што се ослободување на опасни и токсични хемикалии,
- не се плашам да разговарам за безбедноста со кого било, без оглед дали е претпоставено лице.



### Јас не:

- брзам или барам полесен начин да ја исполнам работата,
- Се правам дека не ги забележувам предупредувачките сигнали или го игнорирам небезбедното однесување,
- Пропуштам да се сконцентрирам на она што го правам или на она што се случува околу мене,
- Претпоставувам дека сѐ е безбедно,
- Ги вршам задачите за кои не сум компетентен/компетентна.

# Здравје и безбедност
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Додека се качувате по скали гледате менаџер којшто се симнува по скали и во рацете носи голем број папки. Забележувате дека не се држи за оградата, бидејки двете раце му се зафатени. Сфаќате дека, ако се сопне, нема да може да спречи болен пад по скалите, бидејќи не се држи за оградата.**

**О** Луѓето понекогаш ги заборааат дури и наједноставните правила за животна средина, здравје и безбедност, како што е одржувањето на контакт на три точки кога се наоѓаме на скали. Важно е да се обидете да му помогнете на менаџерот за да ја избегне опасноста од паѓање, така што веднаш треба да се погрижите за таа ситуација. Исто така, важно е менаџерите да претставуваат пример за останатите, па така, ако учтиво му помогнете да го направи тоа, ќе се поттикне безбедното однесување во иднина и ќе помогне да се подигнат стандардите. Никогаш не треба да се плашите да им помагате на вработените на повисока функција да покажуваат безбедно однесување.

**П Сте имале мала несреќа на работното место и се јавивте од дома за да разговарате со вашиот претпоставен и да му кажете дека треба да одморите неколку дена како што ви наложил вашиот лекар. Вашиот претпоставен ве советува да земете денови од одмор, наместо да ја пријавите несреќата, бидејќи тоа би ги влошило статистичките резултати на одделот.**

**О** Прикривањето несреќи на работното место е спротивно на политиките за животна средина, здравје и безбедност на „ЏМ“, и во некои земји, може дури да преставува и кривично дело. Треба да инсистирате оваа несреќа да се евидентира и да се обратите кај претставникот за животна средина, здравје и безбедност, ако таа не била пријавена.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Политика за безбедност, здравје и животна средина на Групацијата
- Политики за спасување живот на Групацијата

# Позитивна работна средина

**Сите ние имаме важна улога во создавањето позитивна работна средина што помага да го добиеме најдоброто од сите.**

Додека ја спроведуваме нашата стратегија за создавање почист и поздрав свет, денес и за идните генерации, создавањето позитивна работна средина останува одлучувачко за нашиот успех.



Нашите политики, процесите и процедурите претставуваат значаен дел од темелите на кои ги вршиме нашите индивидуални улоги и од витално значење е еднаквоста, вклученоста и интегритетот да ги поткрепуваат овие темели.

Нема да толерираме какво било однесување што е во спротивност со нашите вредности, вклучувајќи каков било вид на дискриминаторно или навредливо однесување, како застрашување или малтретирање, и имаме политики за справување со такви ситуации.

За да го достигнеме нашиот целосен потенцијал, нашата работна средина мора:

- **да овозможува** можности за соработка во „ЏМ“ и надвор од „ЏМ“,
- **да охрабрува** секого да поставува прашања, да **Пријавува** во доверба кога се јавува загриженост,
- **да прифаќа** различни идеи и гледишта,
- **да очекува** секој да го земе во свои раце личниот развој и да ги поддржува другите во истото.



# Позитивна работна средина
продолжение

## Како ова се однесува на мене?

- барам и почитувам поинакви гледишта,
- поставувам прашања и конструктивно дебатирам за да донесам соодветни, издржани одлуки и да преземам акција,
- поставувам прашања и конструктивно дебатирам за да донесам соодветни, информирани одлуки и да преземам акција,
- придонесувам и надвор од рамките на мојот тим, без разлика дали во „ЏМ“ или со нашите клиенти,
- одлучувам за својот личен развој,
- се трудам да разберам што е тоа што го ценат нашите клиенти и вработени,
- јас сум личност што се залага за инклузивност, поддржува и се однесува кон секого со достоинството и почит,
- постапувам правилно, дури и кога е тешко,
- јасно ми е дека можеби не сум свесен/а дека сум пристрасен/а и го преиспитувам моето проценување на лица и ситуации,
- ги прифаќам вредностите на „ЏМ“ и го покажувам очекуваното однесување во сè што правам.



## Што би направиле ВИЕ?

**П При подготовка на извештај за учинокот на вработен, станувате свесни дека поединецот се двоуми да прифати идеи на колеги, особено оние што не се усогласени со неговите. Вработениот постигнал некои одлични резултати за тимот, но како резултат на тоа, некои членови на тимот сега почнуваат да се чувствуваат потценети. Што треба да направите?**

**О** Начинот на кој работиме е исто толку важен како и што работиме. Извештајот за учинок треба да има избалансиран фокус на очекуваните „однесувања", како и на испораката на резултати. Можете да покажете посветеност на вредностите на „ЏМ" и позитивна работна средина со поставување на мерливи цели што се фокусираат на резултати и однесување. Доколку не сте сигурни како да му пристапите на разговорот или ако однесувањата продолжат, би требало да побарате насока од вашиот линиски менаџер или ЧР и да ја објасните загриженоста со конкретни примери.

**П Некој колега ве прави да се чувствувате многу непријатно, бидејќи ви праќа несоодветни коментари преку Skype и електронски пораки за кои смета дека се шеги и неформален разговор, но вие сметате дека тоа не е промоција на вистинската инклузивна култура во „ЏМ". Вие сте загрижени за пријавување на ова како проблем, но чувствувате дека не можете да продолжите со тоа, бидејќи тоа влијае на тоа како се чувствувате кога доаѓате на работно место. Што треба да направите?**

**О** Доколку ви е непријатно да зборувате за ова директно со вашиот колега, побарајте поддршка од вашиот линиски менаџер или од ЧР. Ако сакате да зборувате со некого кој не е во вашиот тим/деловна единица, тогаш можете да контактирате со правна служба или со тимот за **етика и усогласеност на Групацијата** за поддршка. Ако ова не ви успее, можете да контактирате со кој било од членовите на РКГ (Раководниот комитет на Групацијата). Во „ЏМ" не толерираме никаков вид на малтретирање или дискриминација.



### Основните вредности на „Џонсон Мети" релевантни за овој дел се:

- Постапување со интегритет
- Заедничко работење
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Политика на ЧР за заедничко работење
- Политика на ЧР за еднакви можности

# Заштита на податоци

## Ги почитуваме и штитиме сите лични податоци со кои ракуваме.

**„ЏМ“ треба да собира и користи лични податоци за да ја врши својата деловна дејност, а многумина од нас ги користат овие податоци (без оглед дали се поврзани со други вработени, клиенти, добавувачи или други) за да ги вршат сопствените работни задачи. Луѓето треба да бидат во можност да ни веруваат дека ќе ја почитуваме приватноста на нивните лични податоци кога работаат или кога вршат деловна дејност со нас.**

Личните податоци се сите информации, што поодделно, или во комбинација со други податоци, се употребуваат за да се идентификува поединецот. Може да бидат фактички (на пример, име, адреса на е-пошта, локација или датум на раѓање), или мислење за активностите или однесувањето на тоа лице во деловниот или личниот живот.

Во многу земји во кои „ЏМ“ работи, постојат закони и регулативи со кои се уредува начинот на кој ги обработуваме личните податоци. Ние секогаш мораме да ги почитуваме локалните закони, но како минимум ние:

1. ќе ги обработуваме личните податоци само кога имаме оправдана деловна причина или законско барање за тоа,
2. ќе бидеме отворени и транспарентни со луѓето за начинот на кој ги користиме нивните лични податоци,
3. ќе користиме лични податоци само за целта за која ги собравме; освен ако имаме согласност на поединецот да ги користиме за нова намена, или ако имаме законска основа да го правиме тоа,
4. ќе собираме само онолку лични податоци, колку што ни се потребни за да ја вршиме нашата деловна дејност,
5. ќе преземаме чекори за да обезбедиме дека сите лични податоци што ги собираме се точни и ажурирани,
6. нема да чуваме лични податоци подолго отколку што е потребно,
7. ќе ги чуваме личните податоци безбедни и го ограничуваме бројот на луѓе кои можат да им пристапат,
8. ќе обезбедуваме дека која било трета страна со која ги споделуваме личните податоци, исто така презема соодветни чекори за да ги заштити,
9. ќе ги почитуваме правата на луѓето поврзани со податоците.

### Како ова се однесува на мене?

- Морам да разберам што се лични податоци.
- Ќе користам лични податоци само доколку ми се потребни за мојата работа.
- Нема да чувам лични податоци подолго отколку што е потребно.
- Личните податоци што ги чувам, ќе бидат безбедни.
- Ќе ги споделувам личните податоци само со лица „што мора да знаат.“

## Што би направиле ВИЕ?

**П Со вас контактирал некој кој ги побарал деталите за контакт со ваш поранешен колега, кој неодамна си заминал од „Џонсон Мети“, за да му посака сè најдобро на новата позиција.**

**О** Не треба да ги давате овие податоци без претходно одобрение на поединецот. Треба да го пренасочите повикот до вашето локално одделение за Човечки ресурси, или, ако сè уште сте во контакт со поранешниот вработен, можете да понудите да ја примите пораката и да му ја проследите директно.

**П Вие сте линиски менаџер и сфаќате дека наместо да ја пратите потврдата за боледување на член на вашиот тим во ЧР, по грешка сте ја пратиле некому друг.**

**О** Треба да се обидете веднаш да ја отповикате пораката и да контактирате со лицето на кое сте му ја испратиле и да му кажете дека е испратена по грешка и да ја уништи без да ја отвори. Ако не сте во можност да контактирате со лицето, треба да побарате совет од Тимот за заштита на податоци на DPO@matthey.com.

За да спречите ова да стане проблем, треба да одбегнувате да праќате чувствителни информации по е-пошта. Ако немате друга алтернатива, морате да го заштитите документот со лозинка однапред и да ја испратите лозинката одделно, не по е-пошта (на пример, по СМС порака или брза порака). Пред да ја испратите, секогаш проверете дали името на примателот е точно.



**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Политика за заштита на податоци
- Политика за безбедност на информации
- DPO@matthey.com
- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата

# Човекови права

**Почитувањето на човековите права е од фундаментална важност за нашиот начин на работа.**

Прифаќаме дека сме одговорни за влијанието што нашите деловни активности го имаат врз луѓето што работат за нас или со нас, како и врз луѓето во заедниците во кои работиме.

Ја спроведуваме оваа одговорност користејќи го нашето влијание за да ги промовираме и да ги заштитиме човековите права на сите оние со кои работиме и покрај кои работиме.

„Џонсон Мети“ ги поддржува принципите дефинирани во рамките на основните спогодби на Меѓународната организација на трудот, Глобалниот договор на ОН и Водечките принципи за деловна дејност и човекови права на ОН. „Џонсон Мети“ ги почитува важечките закони и прописи во врска со работните услови, стандардите за работа, современото ропство, трговијата со луѓе, дискриминацијата и малтретирањето.



Принципите што ги поддржуваме се:

- ги поддржуваме вештините и придонесот на секое вработено лице и водиме сметка да добијат заслужен и правилен надомест,
- ја промовираме здравата рамнотежа меѓу работниот и домашниот живот на вработените и водиме сметка работните часови и прекувремената работа да бидат во согласност со важечките закони,
- нема да вработуваме лица на возраст под 16 години и се согласуваме со сите закони што забрануваат вработување на деца оние што се на возраст од 16 и 18 години ќе бидат вработени само како дел од надгледувана програма за обука,
- нема да користиме труд на заробени лица или каков било принуден труд и забрануваме трговија со луѓе,
- се заложуваме да ја почитуваме целосната и отворената комуникација со вработените без страв од последици, било да е тоа преку управата, или пак преку други надворешни советодавни тела,
- не толерираме каков било облик на дискриминација заради пол, брачна состојба, возраст, расна, етничка, сексуална ориентација, религиозни убедувања, инвалидитет или која било друга заштитена одлика,
- забрануваме секаков вид на физичка и вербална злоупотреба и казна, сексуално или друго вознемирување, како и сите облици на заплашување,
- ние ќе бидеме вистинска меритократија што ги прифаќа сите видови на различности и ја промовира еднаквоста и инклузивноста врз основа на заеднички вредности.



## Како ова се однесува на мене?

- Го земам предвид поширокото влијание на моите дејства врз другите,
- Ги почитувам човековите права на сите што ги среќавам во текот на моето работење,
- Посветен/а сум кон промовирање на културата на различност и инклузивност во „Џонсон Мети“,
- Одговорен/а сум да ги пријавувам сите загрижености поврзани со современото ропство и други злоупотреби поврзани со работната сила во кој било дел на Џонсон Мети.

# Човекови права
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Имате слободно работно место во вашиот тим. Еден од кандидатите кои аплицирале за тоа работно место се ожени и отворено зборува за тоа дека наскоро сака да создаде семејство. Обуката потребна за улогата е скапа и не сакате да трошите пари за обуката ако тоа лице има намера да користи родителско отсуство во блиска иднина. Дали воопшто треба да го земете предвид тоа лице?**

**О** Да, морате да го земете предвид. Вработуваме лица врз основа на нивните способности, а не врз основа на нивниот брачен или родителски статус. За да се одреди дали е поединецот е квалификуван за тоа работно место, морате целосно и праведно да ги земете предвид неговите вештини и искуството. Доколку имате прашања, треба да контактирате со локалниот тим за ЧР.

**П Слушнав неофицијално дека еден од нашите добавувачи е под истрага за престапи во врска со детски труд. Тој беше одличен добавувач и не сум слушнал/а за било какви претходни проблеми. Треба ли да ги игнорирам гласините бидејќи немаме каков било вистински доказ?**

**О** Не. „Џонсон Мети“ има должност да ги почитува човековите права, а тоа вклучува да не дозволува експлоатација на деца. Треба да веднаш го известите вашиот менаџер и тимот за јавни набавки и тие ќе ви дадат насоки за следните чекори со цел да се обезбеди исполнувањето на нашите стандарди.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Заедничко работење
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Локални човечки ресурси и човечки ресурси на ниво на Групација
- Политики за ЧР
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Правна служба на Групацијата
- Тим за одржливост на Групацијата
- Изјава на „ЏМ“ за современото ропство
- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата

# Конфликт на интереси

**Ги следиме опасностите од конфликти меѓу интересите на вработените и најдобрите интереси на „Џонсон Мети“.**

Конфликтите на интереси се јавуваат кога постои потенцијал личните, социјалните, финансиските или политичките активности или врски на едно вработено лице да влијаат врз неговото/нејзиното расудување или независност кога треба да се направи најдоброто за „Џонсон Мети“.



Конфликтите на интереси може да предизвикаат сомнеж за квалитетот на донесените деловни одлуки и за интегритетот на лицето што ги носи тие одлуки. Согледувањето на конфликт на интереси може да биде подеднакво штетно како и конкретен конфликт на интереси. Очекуваме нашите вработени да дејствуваат со интегритет и да одбегнуваат вистински конфликти на интереси, и или да одбегнуваат, или со одобрение на фирмата, да се справуваат во какви било согледани или потенцијални конфликти на интереси.

Важно е веднаш да ги известите менаџерот, тимот на ЧР, правната служба или Тимот за етика и усогласеност на Групацијата за ситуации што сметате дека може да предизвикаат реален, потенцијален или согледан конфликт на интереси за да можете да се согласите за соодветно дејство. Често, кога се дискутираат брзо и отворено, конфликтите на интереси може да се решат на едноставен и взаемно прифатлив начин.



# Конфликт на интереси
продолжение

Некои вообичаени ситуации што би можеле да доведат до конфликт на интереси се:

- сопственост или инвестирање во фирма што соработува или е конкурент на „Џонсон Мети“,
- вработување или надгледување на членови на семејството или на пријателите,
- семејство или пријатели што работат за клиент, добавувач или конкурент,
- членство во надворешен одбор на директори.

## Како ова се однесува на мене?

- избегнувам ситуации во кои моите лични интереси може да дојдат во конфликт со интересите на „Џонсон Мети“,
- веднаш ќе го откријам секој потенцијален, согледан или реален конфликт кај мојот менаџер, ЧР, Групата за право или Групата за етика и усогласеност (и ќе го пополнам образецот за Извештај за конфликт на интереси за да го поддржам моето известување), за да може да им се пристапи и да се решат соодветно што е можно побргу,
- ќе се консултирам со мојот менаџер или правната служба на Групацијата ако не сум сигурен дали одредена ситуација претставува конфликт на интереси.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Во вашата фабрика се отвори работно место што сметате дека би го интересирало вашиот пријател; сепак, не сте сигурни дали можете да го предложите за работното место поради вашата врска со него.**

**О** Некои од нашите најдобри вработувања се извршиле по препорака на вработените. Ако сметате дека вашиот пријател е добро квалификуван и дека би бил добар во фирмата, треба да го спомнете, но исто така, да ја напоменете и вашата врска кај локалниот тим за ЧР. Треба да обезбедите дека не сте вклучени во процесот на вработување и работното место не треба да биде од оние што вие директно или индиректно ги надгледувате.

**П Повикани сте да работите во одбор на непрофитна организација која врши истражување во поле што е поврзано со вашата работа во „Џонсон Мети“. Сакате да го прифатите повикот и сметате дека тоа би била интересна можност за напредок во вашата кариера.**

**О** Треба да разговарате отворено за оваа можност со вашиот менаџер. Не само што оваа позиција може да предизвика конфликт на интереси, туку можеби треба да се земат предвид и некои проблеми со конкуренцијата. Ако може да се договори разумно дејство (и ако се евидентира во формуларот за конфликт на интереси) што ја елиминира можноста да се јави конфликт на интереси или проблеми со конкуренцијата, „Џонсон Мети“ може да одобри да ја прифатите позицијата во одборот.



### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата
- Политика за конфликт на интереси
- Насоки за конфликт на интереси
- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Локални човечки ресурси и човечки ресурси на ниво на Групација



# Пазар

Се заложувам дека ќе работам одговорно, праведно и законски






| | |
|---|---|
| Трети лица | 34 |
| Поткуп и корупција | 37 |
| Подароци и гостољубивост | 40 |
| Фер конкуренција | 43 |
| Финансиски криминал | 46 |
| Контроли на трговија и на извоз | 49 |
| Предупредувачки знаци на трансакција | 52 |

# Трети страни

**Мора да бидеме сигурни дека знаеме со кого работиме во секое време.**

Мора да обезбедиме дека не работиме со трети страни што може да го оштетат угледот на „Џонсон Мети“ со вклучување во неетичко однесување или коруптивни практики. Мора да знаеме со кого работиме, за да бидеме усогласени со деталните и техничките закони, како оние што се однесуваат на Поткуп и корупција, контролите на трговија и извоз и спречување перење пари. Мора да се осигураме дека не работиме со трети страни што може да го оштетат угледот на „Џонсон Мети“ со вклучување во неетичко однесување или коруптивни практики.

Во „Џонсон Мети“ постојат постапки што ни помагаат да дознаеме со кого работиме, без оглед дали се работи за клиенти, добавувачи, партнери, претставници, дистрибутери, даватели на логистички услуги или некоја трета страна со која имаме трговски или други односи. Поконкретно, имаме процедура за проценување на висок ризик од процедурата за Посредници од трета страна (која се однесува на претставници, добавувачи, владини посредници и одредени даватели на логистички услуги во земјите со највисок ризик), за да ни помогне да управуваме со ризикот од овие страни во текот на нивниот работен однос со „ЏМ“. Ќе работиме само со оние чиј интегритет е познат и што ги задоволуваат стандардите на „Џонсон Мети“ за одговорно деловно и етичко однесување.



### Како ова се однесува на мене?

- очекувам моите добавувачи, нивните вработени и синџирите на набавка да работат според стандардите за квалитет и интегритет на „Џонсон Мети“,
- Ќе се осигурам дека се извршила детална анализа на клиентите, добавувачите и посредниците на трети страни пред да работам со нив,
- Ќе се осигурам дека кога вршам деловна дејност со високо ризичен посредник на трето лице, ја следам процедурата за посредник од трета страна,
- внимавам за да препознаам какви било предупредувачки знаци што може да укажуваат на незаконско, коруптивно или каков било облик на неетичко однесување.

Пазар

### Предупредувачки знаци на трансакција

Во која било трансакција или интеракција со трети лица може да постојат знаци или сигнали дека нешто не е сосема во ред. Тие се нарекуваат предупредувачки знаци или „црвени знамиња“ и секогаш треба да се истакнуваат кај правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата за да извршат истрага. За повеќе информации како да ги препознаете предупредувачките знаци на трансакција, погледнете го списокот со примери на страница 52.

# Трети страни
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Имате краток рок да назначите претставник во Малезија кој би можел да биде важен за да склучите голем договор на нов пазар. Немавте време да направите детална анализа на претставникот, но сакате да го ангажирате денес.**

**О** Не можете да го назначите овој претставник сè додека не ја мине проценката според процедурата за Посредници од трета страна. Ќе треба да подготвите деловно оправдување и добиете одобрение, како и да извршите соодветна длабинска анализа и да стапите во одобрен договор. Треба да разговарате со правната служба на Групацијата или тимот за етика и за усогласеност на Групацијата за понатамошни упатства. Тие ќе ви помогнат со постапката за длабинска анализа и ќе ги формулираат соодветните договорни барања.

**П Неодамна почнавте да доставувате стока кај нов клиент. Забележувате дека некои од плаќањата за стоки се примаат од навидум неповрзан ентитет од друга земја и дека стоката не се испраќа во земјата во којашто вашиот клиент има седиште.**

**О** Треба да преземете мерки да спречите прием на понатамошни плаќања додека целосно не ја разберете ситуацијата и сè додека не бидете сигурни дека се спровела соодветна детална анализа на сите страни. Важно е не само да ги знаеме кои се сите наши клиенти, туку исто така, да бидеме сигурни дека плаќањата ги вршат само нашите соодветни клиенти и дека нашата стока и технологии не се пренасочуваат кон субјекти на кои не би им ги продавале директно. Разговарајте со правната служба или тимот за етика и за усогласеност на Групацијата за понатамошни упатства.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Заедничко работење

**Повеќе помош и ресурси**

- Глобална политика против поткуп и корупција
- Политика и процедура за високоризична глобална трансакција
- Правен сектор
- Политика за финансиски криминал
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Тим за одржливост на Групацијата

# Поткуп и корупција

**Посветени сме на спречување на сите облици на Поткуп и корупција и немаме никаква толеранција кон какви било коруптивни дејства.**

Во нашиот бизнис нема место за каков било облик на неправилно плаќање или поткупување.

**Поткупувањето** е нудење, давање или примање на какво било плаќање, поволност или подарок што има за цел да влијае врз одлука или исход на несоодветен начин. Поткупувањето може да има многу облици, вклучувајќи, меѓу другото, готовина, гостољубивост, трошоци за промоција, вредности еднакви на готовина (на пример, вредносни купони), услуги, поволности, политички прилози или добротворни донации.

**Корупција** е секое незаконско, забрането или несоодветно однесување што има за цел да се добие предност. Вклучува поткупување, измами, изнудување, кражби, злоупотреба на моќ и перење пари.

**Плаќањата за олеснување** се мали неофицијални плаќања што се вршат за да се обезбеди или да се забрза изведбата на рутински процес, што службеникот во секој случај ќе го изврши како дел од својата должност. Овие плаќања се поткупи (без оглед на големината или локалните деловни практики) и често се незаконски.

Ние не само што не нудиме, даваме или примаме поткупи, туку им забрануваме на третите лица (како претставниците, дистрибутерите/препродавачите, давателите на логистички услуги, владините посредници итн.) што работат во име на „Џонсон Мети“ да нудат, даваат или примаат поткуп.





# Поткуп и корупција
продолжение

## Соработка со јавни службеници

Никогаш не смееме да нудиме, ветуваме или да дадеме нешто од вредност на кој било јавен службеник, директно или индиректно, со намера да влијаеме врз нив во нивната работа или во обид да добиеме или да задржиме деловна корист или предност. Бидете особено внимателни кога работите со вработените во државни органи, бидејќи во некои земји овие лица може да се сметаат за јавни службеници. За да бидете сигурни, вработените треба секогаш да се консултираат со правната служба на Групацијата кога постои сомневање дали некое лице е јавен службеник.

Видете го делот за Подароци и гостољубивост на страница 40 за да прочитате повеќе - на што да внимавате кога работите со јавни службеници.

### Како ова се однесува на мене?

- Никогаш не нудам, давам или примам поткуп.
- Секогаш сум лично одговорен за спречувањето, откривањето и пријавувањето на поткуп и корупција.
- Избегнувам секакви активности што може да водат кон, или што упатуваат на, поткупување или корупција.
- Свесен/свесна сум дека само навестувањето на поткуп или корупција може да го повреди угледот на „Џонсон Мети“ и мојот углед и да нè попречи да вршиме деловна дејност.

## Предупредувачки знаци на трансакција

Во која било трансакција или интеракција со трети лица може да постојат знаци или сигнали дека нешто не е како што треба. Тие се нарекуваат предупредувачки знаци или „црвени знамиња“ и секогаш треба да се истакнуваат кај правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата за да извршат истрага. За повеќе информации како да ги препознаете предупредувачките знаци на трансакција, погледнете го списокот со примери на страница 52.

## Што би направиле ВИЕ?

**П Пратка со вредни хемикалии е задржана подолго на царина. За жал, нема официјална забрзана постапка. Сепак, царински службеник ви кажал дека ако „Џонсон Мети“ понуди мало плаќање, пратката ќе се оцарини утре; во спротивно, може да потрае седмици.**

**О** Овој вид на плаќање е плаќање за олеснување и е незаконско. Не вршете го плаќањето и известете ги без одложување вашиот менаџер, правната служба или тимот за етика и за усогласеност на Групацијата за понатамошен совет.

**П Вашиот колега ве информира дека ангажирал нов добавувач за „Џонсон Мети“. Изненадени сте што го слушате тоа, бидејќи сте слушнале дека цените на тој добавувач се над пазарните цени. Ви станува сомнително кога дознавате дека добавувачот го вработил синот на вашиот колега кратко време по потпишувањето на договорот.**

**О** Треба да **Пријавите**. Запознајте го вашиот менаџер со проблемот, правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата. Вашиот колега можеби примил поткуп во вид на вработување за неговиот син. Ако е точно, одлуката на вашиот соработник не само што ја лиши „Џонсон Мети“ од корист од поповолни понуди од други добавувачи, туку исто така, може да претставува прекршок и да ја изложи компанијата „Џонсон Мети“ на правна одговорност. Веднаш треба да го пријавите вашето сомневање за да може да се испита, и доколку е потребно, да се ублажат штетните последици од однесувањето на вашиот колега.



**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата
- Глобална политика против поткуп и корупција
- Процедура за посредници од трета страна
- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата

# Подароци и гостољубивост

## Ние внимаваме кога нудиме, даваме или примаме подароци или гостољубивост.

Подароците и гостољубивоста може да се користат како начин да се изградат или зачуваат вистински и искрени деловни односи. Сепак, понекогаш може да биде тешко да се направи разлика меѓу вистински подарок или гостољубивост и поткуп, и ние секогаш треба да размислуваме внимателно како ги трошиме парите и ресурсите на „Џонсон Мети“.

Кога се нуди, дава или прима подарок или гостољубивост, употребете го вашиот здрав разум и одредете дали тоа е во согласност со нашата Глобална политика против поткупувањето и корупцијата и кои било локални постапки за претходно одобрување, монетарни ограничувања и евиденција што се применуваат во вашата дејност. Дополнително, треба да размислите пошироко како тоа може да изгледа и секогаш размислувајте дали тој е добар начин да се употребуваат парите и ресурсите на „Џонсон Мети“. Ако се двоумите, прашајте некого од правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата за понатамошни упатства.

Секој подарок или гостољубивост мора да биде:

- понудени, дадени или примени со **добра намера** - со единствена цел да се изградат или да се одржат оправдани деловни односи, или да се покаже знак на внимание; или да бидат:
  - **симболични** или со минимална вредност (мали предмети за промоција, дневници, календари или други слични предмети со заштитниот знак или со логото на давателот); или
  - **скромни** во вредност, а не богати или екстравагантни
- **умерени и соодветни** во смисла на видот, вредноста и приликата, како и зачестеноста на давање во одредени околности, вклучувајќи го и контекстот на локалните културни норми
- **во согласност** со прифатливата деловна практика
- **законски** и дозволени во согласност со политиката на примачот за подароци и гостољубивост.

### Подароци и гостољубивост за јавни службеници

- Некои земји имаат многу строги ограничувања во однос на вредноста и природата на подароците и гостољубивоста што нивните јавни службеници може да ги примаат. Соодветно на тоа, треба да се посвети посебно внимание и да побарате претходно одобрување за сите понудени, дадени или примени подароци и гостољубивост од/на јавен службеник. Исто така, мора да бидеме свесни дека во разни земји дефиницијата „јавен службеник“ може да се разликува и може да вклучува поединци во бизниси што се владина сопственост. Запомнете, не е секогаш очигледно кој е јавен службеник, па затоа, ако не сте сигурни со кого работите, прашајте и советувајте се со правната служба или со тимот за етика и за усогласеност на Групацијата.

## Како ова се однесува на мене?

- Никогаш не нудам, давам или примам подароци или гостољубивост што се или може да се толкуваат како поткуп.
- Внимателно размислувам пред да понудам, дадам или примам каков било подарок или гостољубивост и дали тоа е во согласност со Глобалната политика против Поткуп и корупција на „ЏМ".
- Секогаш барам претходно одобрување ако размислувам да му понудам или дадам подарок или гостољубивост на јавен службеник.
- Ќе се осигурам дека сум добил/добила претходно одобрување ако имам било какво двоумење за соодветноста на подарокот или гостољубивоста.

**Примери за одредени видови подароци или гостољубивост што не се никогаш прифатливи, независно од вредноста, се следниве:**

- готовина или еквиваленти на готовина,
- несоодветни или навредливи (на пример, непристојни или сексуално ориентирани),
- скриени (дадени тајно наместо отворено),
- што може да предизвикаат, или може да изгледа дека предизвикуваат конфликт на интереси.





# Подароци и гостољубивост
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Добивте вредносен купон со вредност од 50 фунти од добавувачот. Можете да го употребите само за купување стоки во одредена група продавници. Можете ли да го прифатите?**

**О** Не, не можете да прифатите вредносен купон, сертификат или ваучер, без оглед на вредноста, од кој било деловен партнер, бидејќи се смета како еквивалент на пари и нашата политика е да не нудиме или прифаќаме пари или подароци што се еквиваленти на готовина. Треба учтиво да го одбиете вредносниот купон и да му објасните на добавувачот дека во склад со насоките за подароци и гостољубивост на „ЏМ" не сте во можност да го прифатите.

**П Би сакале да бидете домаќин/домаќинка на дводневна техничка конференција за вашите клучни и други деловни партнери. Примарната цел на настанот е да се промовираат идните технички новитети, како и да се зајакнат деловните односи. Дали е тоа во ред?**

**О** Да. Организирање на конференција со јасно дефинирана деловна цел е прифатлива деловна практика во „ЏМ". Кога ја организирате вашата конференција треба да имате на ум дека ги почитувате принципите за подароци и гостољубивост. Целокупната гостољубивост, вклучувајќи оброци, сместување и сите слободни активности треба да имаат скромна вредност, а не да бидат раскошни или екстравагантни. Не е нормална пракса да се покриваат трошоците за туристички аранжмани на вашите гости. Доколку не сте сигурни или ви требаат понатамошни насоки, контактирајте со Тимот за етика и за усогласеност на Групацијата.

**Основните вредности на „Џонсон Мети" релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата
- Глобална политика против поткуп и корупција
- Правила/насоки во врска со локални подароци и гостољубивост
- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата

# Фер конкуренција

## Знаеме дека отворената и фер конкуренција е најдобра за бизнисот.

Конкурентните пазари им овозможуваат на клиентите пристап до најквалитетна стока по најдобри цени и овозможуваат најефикасните фирми да преживеат и да напредуваат.

Законите за конкурентност (понекогаш наречени Закон за заштита на конкуренција и монополизација) може да бидат комплицирани и може да се разликуваат од држава до држава. Сепак, постојат заеднички елементи што се однесуваат на договорите што ги склучуваме со други во синџирот на набавка (особено нашите конкуренти), размената на чувствителни комерцијални информации, и како се однесуваме кога имаме голем дел од некој конкретен пазар или бизнис.

Внимавајте на следниве активности што се противконкурентни:

- разговарање или споделување конкурентни чувствителни информации со конкурентите вклучувајќи цени, клиенти или стратегии,
- разговарање или согласност да се поделат или споделат клиентите, териториите или пазарите со конкурентите,
- договарање со конкурентите како (и дали) ќе даваме понуда за одредени договори.





# Фер конкуренција
продолжение

## Како ова се однесува на мене?

- Свесен сум за опасностите со законите за конкуренција кога се работи за трети страни (особено, конкуренти, оние во мојот синџир на набавка и клиенти) и разбирам и обезбедувам дека „Џонсон Мети“ мора да носи независни одлуки за цените и стратегијата.
- Никогаш не се вклучувам во противконкурентни активности.
- Свесен/свесна сум дека клиент на еден дел на „Џонсон Мети“ може да биде конкурент во друг дел на „Џонсон Мети“ и гледам да постапувам соодветно.
- Водам сметка дека ако се сретнам со конкурент, избегнувам да разговарам или споделувам доверливи информации што се во врска со областите во кои се натпреваруваме. За да се разјасни ова, може да помогне ако се пополни однапред образецот на „Џонсон Мети“ за средба со конкуренти и/или ако се одреди агенда во која детално се наведува целта на состанокот со што се заштитувам како јас, така и „Џонсон Мети“.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Посетувате клиент за да разговарате за договор за кој моментално е распишан јавен повик. Во текот на преговорите, клиентот ви ги кажува индикативните понуди на вашите конкуренти и ви нуди копии од нив.**

**О** Бидејќи клиентот ви ги открил овие информации во контекст на комерцијални преговори со единствена намера да се обезбедат подобри услови од страна на „Џонсон Мети“, можете да ги искористите овие информации под услов да го евидентирате во писмен облик изворот на информациите. Сепак, не морате да ја прифатите понудата да примите копии од понудите на конкурентите. Ако ги примите овие документи, морате, што е можно поскоро, да ја контактирате правна служба на Групацијата за да утврдите кои понатамошни чекори треба да се преземат.

**П Ручате со еден од вашите клиенти за кој знаете дека е конкурент на друг дел на „Џонсон Мети“. Разговорот се префрла на проблемите со цените што вашиот клиент ги има на одреден пазар. Бидејќи не го познавате тој пазар, не знаете дали има проблем со конкуренцијата, но загрижени сте дека може да има.**

**О** Треба веднаш да постапите соодветно и без одложување, но љубезно, да го прекинете разговорот и да кажете што ве загрижува. Штом ќе го напуштите состанокот, контактирајте со правната служба на Групацијата за да одредите што треба да се преземе, ако воопшто треба да се преземе нешто.



### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Глобална политика и упатства за законот за конкуренција
- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Образец на „Џонсон Мети“ за средба со конкуренти

# Финансиски криминал

**Сите сме одговорни да бидеме внимателни и да ги препознаваме предупредувачките знаци што може да укажуваат на кривична активност.**

Во „Џонсон Мети“, водиме сметка нашиот бизнис и услугите да не се користат за финансиски криминал, како што е перење пари, затајување на данок и помагање на финансирањето терористи или учество во други незаконски активности што би го сокриле потеклото на приходи од кривични активности.

Затоа е неопходно да го познаваме доволно идентитетот, позадината и работењето на нашите клиенти, доставувачи и други трети страни за да можеме да спречиме појава на какви било несоодветни трансакции.

- Перењето пари е процес на земање приходи од кривични активности, криење на потеклото на незаконски стекнатите пари и нивно филтрирање или „чистење“, низ низа трансакции за да изгледаат законски.
- Олеснувањето на даночно затајување е корпоративно кривично дело и се состои од „поврзани лица“ на фирмата (на пример вработени, претставници или други лица кои обезбедуваат услуги за или во име на фирмата) кои намерно и нечесно му помагаат на трет даночен обврзник (како што е нашиот клиент) да избегнува данок.
- Финансирањето на тероризам е мотивирано повеќе од идеолошки причини, отколку од интерес да се добие добивка и може да вклучува не само приходи од криминал, туку и фондови или средства добиени од легитимни извори.



### Како ова се однесува на мене?

- Ја разбирам потребата да знаеме со кого работиме и да спроведеме соодветна детална анализа.
- Внимателно ги следам сите промени, околности и профили на клиентите, добавувачите или на која било трета страна што може да ја зголемат опасноста од финансиски криминал.
- Секогаш преземам лична одговорност за пријавување на сомнителни договорни страни, барања, трансакции и/или плаќања.



### Предупредувачки знаци на трансакција

Во која било трансакција или интеракција со трети лица може да постојат знаци или сигнали дека нешто не е како што треба. Тие се нарекуваат предупредувачки знаци или „црвени знамиња“ и секогаш треба да се истакнуваат кај правна служба на Групацијата или тимот за етика и усогласеност за да извршат истрага. За повеќе информации како да ги препознаете предупредувачките знаци на трансакција, погледнете го списокот со примери на страница 52.

# **Финансиски криминал**
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Почнавте соработка со нов клиент за рафинирање. Клиентот неодамна побара да ја смени својата банкарска сметка со друга што се наоѓа во законодавство каде ризикот за перење пари е поголем и побара да го вратиме неговиот метал на неповрзана трета страна во точно одредено време.**

**О** Иако може да има оправдани причини за овие нови упатства од вашиот клиент, двете барања се потенцијални предупредувачки знаци. Треба да разговарате со вашиот клиент за да ги разберете причините за овие барања. Ако клиентот е нејасен или не сака да обезбеди прифатливо објаснување, треба да се направи повторна проценка на односот на „ЏМ“ со овој клиент. Овие предупредувачки знаци треба да се пренесат и кај правната служба на Групацијата и тимот за етика и усогласеност на Групацијата.

**П Еден изведувач на „ЏМ“ ви објаснува дека повеќе сака да работи како самостоен изведувач, а не како вработен со полно работно време, бидејќи така не плаќа толку висок данок.**

**О** Овој разговор навестува дека изведувачот може да го одбегнува данокот, што би можело да ја изложи „Џонсон Мети“ на корпоративно кривично дело за олеснување на даночно затајување. Треба веднаш да разговарате за вашата загриженост со правната служба на Групацијата или тимот за етика и усогласеност на Групацијата.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата
- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Оддел за финансии на Групацијата
- Даночен оддел на Групацијата
- ЧР на ниво на групација

# Контрола на трговијата и на извозот

## Ние ги сфаќаме нашите одговорности кога тргуваме на меѓународно ниво.

Голем дел од бизнисот на „Џонсон Мети“ вклучува движење на стока, технологија, услуги, податоци и пари преку меѓународни граници и мора да биде во согласност со сите соодветни закони.

Овие движења може да подлежат на лиценци за извоз, ограничувања на крајната употреба/крајниот корисник, ембарга на земји, забрани за склучување зделки со поединци, субјекти, банки или царини и/или даночни барања. Затоа, многу е важно да знаеме што движиме и со кого работиме за да ги исполниме тие барања.

**Под стока** се подразбира сета суровина, готови производи, бесплатни примероци, опрема за производство и истражување, како и капитални добра. **Технологијата** вклучува информации како што се цртежи, нацрти, планови, дијаграми, модели, дизајни, спецификации, прирачници, упатства и техничко знаење и искуство – без оглед дали се доставуваат физички или електронски.

**Секогаш имајте предвид:**

- **Што:** Класификација на производ: Што се увезува или извезува? Производи, софтвер или технички податоци? Дали природата на стоката или технологијата или потенцијалниот краен корисник значи дека ќе треба извозна дозвола?
- **Каде:** Одредиште: Каде оди? Дали земјата што е крајно одредиште подлежи на санкции, ембарга или други ограничувања?
- **Кој:** Краен корисник: Кој ќе ја прими стоката? Дали е субјектот или поединецот со кој работите „ограничен“ субјект?
- **Како:** Крајна употреба: Како ќе се користи? Дали потенцијалната или наменетата крајна употреба на предметот е контролирана?

# Контрола на трговијата и на извозот
продолжение

### Како ова се однесува на мене?

- Свесен/свесна сум дека движењето на стоки, технологии, услуги, податоци или пари (дури и до друг објект на „Џонсон Мети“ или друга „Џонсон Мети“ компанија ) преку меѓународни граници можеби подлежат на контроли за извоз.
- Знам дека движењето на технологија може да се случи преку физичка, електронска (на пример, е-пошта), писмена или вербална размена, како и преку набљудување.
- Секогаш поставувам прашања ако не сум сигурен/сигурна дали е дозволено движењето на стока, технологија, услуги, податоци и пари.
- Разбирам дека може да важат ограничувања за мене или за членовите на нашиот тим во зависност од нашите националности и дали работиме или помагаме во одредени проекти или деловни активности поврзани со одредени земји.

### Предупредувачки знаци на трансакција

Во која било трансакција или интеракција со трети лица може да постојат знаци или сигнали дека нешто не е како што треба. Тие се нарекуваат предупредувачки знаци или „црвени знамиња“ и секогаш треба да се истакнуваат кај правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата за да извршат истрага. За повеќе информации како да ги препознаете предупредувачките знаци на трансакција, погледнете го списокот со примери на страница 52.

## Што би направиле ВИЕ?

**П Ја финализирате првата продажба на катализатори на нов клиент во Канада со потенцијал за значителна продажба во иднина. Оваа продажба значи дека вашата работа го исполнува буџетот за оваа година и вие сакате да ги исполните нивните очекувања за испорака. Му се јавувате на купувачот по телефон за да финализирате некои детали и тој спомнува дека претходно не бил во можност да најде снабдувач кој е подготвен да обезбеди катализатори за употреба во нивните фабрики во Куба и Венецуела. Ова ве изненадува, и по повикот ги проверувате сите релевантните документи и наоѓате дека тие земји не се спомнуваат.**

**О** Контактирајте со правната служба во вашиот сектор и Тимот за етика и усогласеност на Групацијата за да ги известите што откривте и прашајте дали можете да продолжите со продажбата. Без оглед на тоа дали стоката е испорачана во таа земја, продажба во земја под санкции може да резултира со големи парични казни за „ЏМ“, губење на бизнис од клиенти кои не сакаат да бидат поврзани со нас, губење на довербата на засегнатите страни (како што се банки или даватели на логистички услуги) и штета на угледот. Правната служба во вашиот сектор и Тимот за етика и усогласеност на Групацијата можат да ја спроведат потребната детална анализа на сите вклучени страни, да проценат дали продажбата е дозволена, да се поврзат со нашите банки и да добијат соодветни овластувања од регулаторните органи за да се овозможи да започне снабдувањето.

**П Вашата фирма гради нов погон во странство и не сте сигурни дали треба да се земат во предвид трговските контроли.**

**О** Може да требаат дозволи за извоз и/или увоз на производствената опрема или суровини што се транспортираат до новиот погон. Исто така, може да требаат дозволи за техничките услуги што се обезбедуваат во облик на пренесена технологија или извршени технички услуги во таа земја. Зборувајте со правната служба на Групацијата за дополнителни насоки.



### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет

### Повеќе помош и ресурси

- Полиса за Тргување и извоз на Групацијата на „Џонсон Мети“
- Прирачник за трговска усогласеност на „Џонсон Мети“
- Правен сектор
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата

# Предупреду-вачки знаци на трансакција

**Секогаш треба да внимаваме на можни предупредувачки знаци на трансакција или „црвени знамиња“.**

Дури и ако не сте директно вклучени во зделки со трети страни, треба да бидете свесни за можните области каде „Џонсон Мети“ би можела да се наоѓа во опасност. Запомнете, не смее да се прави бизнис по секоја цена.

Предупредувачките знаци на трансакција се показатели дека нешто можеби не е во ред со трансакцијата. Тие можат да бидат показатели дека нешто не е во ред од перспектива на поткуп и корупција, финансиски криминал, санкции и извозни контроли или други правни или перспективи за усогласеност. Може да има повеќе причини што произлегуваат од некој предупредувачки знак. Нецелосниот список вклучува:

- третата страна одбива да даде какви било или задоволувачки информации како одговор на прашањата од деталната анализа.
- третата страна бара или спроведува невообичаени платежни структури, вклучувајќи и плаќања што треба да се извршат или примат:
  - во готово или вон книговодствена евиденција,
  - до или од законодавства со профили со зголемена опасност за перење пари или даночно затајување,
  - до или од друга страна што не е поврзана со „Џонсон Мети“; и
  - без фактура или сметкопотврда/сметка,
- се вршат плаќања на фактури што не содржат  задоволувачки детали или не се поддржани со доказ за извршената работа,
- високи провизии или големи вкупни исплати се вршат кај посредници на трети страни,
- дарежливи или чести подароци и гостопримство, добротворни донации или спонзорства им се обезбедуваат на трети страни без задоволувачко оправдување,
- името и адресата на третата страна се слични на оние од страните што се наоѓаат во списокот со одбиени или санкционирани страни,
- купувачот или претставникот за набавка не сака да даде информации за крајната употреба на стока или дава невообичаени информации на адреса во врска со одредиштето на стоката,
- третата страна бара невообичаени услови за испорака или аранжмани за транспорт (можеби крие за кого е наменета нашата стока),
- набавките или продажбите се необични (на пример, не се вклопуваат во деловната или техничката работна способност) за одреден клиент, добавувач или вид на клиент или добавувач.





Пријавете ги сите предупредувачки знаци на трансакции кај правната служба или тимот за етика и усогласеност на Групацијата за да ви помогнат да ја процените ситуацијата пред да продолжите.

# Фирма

Се заложувам дека ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „Џонсон Мети“



| | |
|---|---|
| Корпоративна безбедност | 56 |
| Безбедност на информациите | 59 |
| Интелектуална сопственост | 62 |
| Деловно и финансиско известување | 64 |
| Точност на евиденцијата | 66 |
| Надворешна комуникација | 68 |
| Социјални медиуми | 71 |
| Внатрешни информации | 73 |




# Корпоративна безбедност

## Ние се грижиме сите да се чувствуваат безбедно и сигурно на работа.

Во „Џонсон Мети“ работиме напорно за да обезбедиме сигурна работна средина и да го минимизираме потенцијалниот ефект на безбедносните закани секаде каде што работиме.

Посветени сме на заштитата на нашите луѓе, средства, производи и углед и се грижиме да имаме ефикасен и робустен пристап кон управувањето со безбедносните ризици. Тоа го правиме така што утврдуваме и исполнуваме минимални безбедносни стандарди во целата фирма и применуваме мерки за да го обезбедиме деловниот континуитет. Безбедноста секогаш ќе се отсликува во согласност со вредностите на „Џонсон Мети“ и сите вработени имаат улога во намалувањето на опасностите што произлегуваат од намерно или случајно прекршување на безбедноста на фабриката или закани од колегите.

### Лична безбедност и деловни патувања

„Џонсон Мети“ им обезбедува на сите вработени соодветна обука и насоки за безбедносните ризици со кои се соочуваат секаде каде што се наоѓаат или секаде каде што патуваат. Сите ние сме одговорни да се осигураме дека сме свесни за безбедносните ризици со сои се соочуваме и како да реагираме на нив доколку се јават.



Како вработени во „Џонсон Мети“, понекогаш треба да одиме на деловен пат и покрај тоа што комерцијалните задачи се важни, тие никогаш не се поважни од личната сигурноста и безбедност. Се заложуваме да обезбедиме дека сите добиваме најдетални совети пред патувањето и најдобра можна помош кога сме во странство, вклучувајќи упатства за дополнителни мерки на претпазливост кога патуваме во земји со висок ризик. Сите наши фабрики мора да ги исполнуваат барем минималните стандарди за физичка безбедноста и бараме од сите наши деловни партнери, добавувачи и изведувачи да го користат истиот пристап.

Доколку сте менаџер, имате дополнителна одговорност да обезбедите дека правилно сте ги оцениле ризиците со кои се соочуваат вашите тимови и дека им се достапни соодветни обуки, упатства и поддршка.

### Како ова се однесува на мене?

- Ќе се осигурам дека ги познавам и дека ги следам локалните упатства за безбедност, земајќи ги предвид и нивните значења кога работам во земја со висок ризик.
- Знам што да правам, ако на моето работно место се случи нешто итно.
- Секогаш преземам чекори да ги намалам ризиците за безбедноста, вклучувајќи ја безбедноста кога патувам и се советувам со управата за ризиците кога тие се јавуваат.
- Водам сметка дека ја преземам одговорноста за какви било безбедносни материјали и опрема што ги поседувам.
- Водам сметка за ажурирањето и деталните пописи на материјалите и производите.



### Управување со деловниот континуитет

Обезбедување на деловниот континуитет е од огромна важност и секоја фабрика и канцеларија мора да бидат опфатени со план за континуитет што се проценува и годишно се тестира со менаџерските тимови обучени за во случај на безбедносен ризик. Посебни упатства за тоа и за минималните стандарди кои се потребни може да се добијат од Тимот за безбедност на Корпорацијата.

# Корпоративна безбедност

продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Наскоро треба да одам на деловен пат и ми беше кажано да ја проверам безбедноста на патувањето пред да одам. Зошто? Мојот менаџер сигурно не би ме испратил некаде каде што не е безбедно?**

**О** Не, вашиот менаџер не би го сторил тоа свесно, но постојат некои земји или локации каде што се препорачува да се преземат дополнителни безбедносни мерки и понекогаш безбедносните ситуации може да се сменат бргу. Треба да бидете сигурни дека знаете како да стапите во контакт со тимот за безбедност на Корпорацијата или локалниот менаџер за безбедност и да знаете што да направите во итен случај. Осврнете се на Насоките за безбедно патување и бидете во тек со најновите патнички упатства и ограничувања.

**П Некој што не го препознавате работи во ваша канцеларија. Тој не носи пропусница за посетители.**

**О** Ако видите некого што не носи пропусница за посетители или се однесува сомнително, прашајте го љубезно кај кого е во посета и дали можете да му помогнете. Ако и понатаму сте загрижен/загрижена, вратете ги на рецепција. Ако имате некакви сомнежи за сопствената безбедност, не пристапувајте му на лицето и веднаш контактирајте со безбедносната служба во фабриката.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет

**Повеќе помош и ресурси**

- Локација на мојата зона за безбедносно знаење на „ЏМ“
- Насоки за безбедно патување
- Безбедносна полиса на Групацијата
- Прирачник за безбедност на Групацијата
- Оддел за ризици и осигурување на Корпорацијата

# Безбедност на информациите

**Сите ние сме одговорни за сигурноста и безбедноста на информациите на „Џонсон Мети“.**

Информациите на „Џонсон Мети“ се од клучна важност за сè што работиме. Од е-поштата што ја испраќаме и разговорите што ги водиме, информациите се важно средства на компанијата и мораме да ги штитиме и да се однесуваме внимателно кон нив. Ако не го сториме тоа и ако дозволуваме нашите информации да бидат во опасност, тоа може да влијае врз нашата способност да работиме ефикасно и безбедно.

Во „Џонсон Мети“ ги чуваме доверливите информации што се наша сопственост, како и информациите што нѝ ги открила трета страна, на сигурно и на безбедно место, за да ги заштитиме нашите интереси и тие на нашите деловни партнери. Нема да откриваме доверливи информации, освен ако имаме овластување или законска обврска да го сториме тоа, а дури и тогаш ги откриваме само на контролиран начин.

### Доверливи информации

Доверливи информации се финансиските информации, патентите, деловните или маркетиншките стратегии, предвидувањата, техничкото знаење и искуства, практиката, системите и изведбата, спецификациите на производите и цените, производниот капацитет и капацитетот за проширување, договорите со клиентите и добавувачите (вклучувајќи ги и условите на договорите) и личните податоци. Во некои случаи, доверливите информации може да содржат примероци од материјали или прототипи на опрема. Доверливите информации со техничка содржина понекогаш може да се сметаат трговска тајна.





# Безбедност на информациите
продолжение

## Безбедност на информации и употреба на технологија

Сите мора да преземеме чекори за да спречиме неовластен пристап до информациите за кои сме одговорни или што ни се доверени со обезбедување на нашите кориснички ИД, создавање силни лозинки и одговорно користење на системите.

Мораме да се обидеме да избегнеме случајно воведување на какви било вируси, злонамерни или шпионски софтвери во системите на „ЏМ“ и да користиме само компјутерски хардвер, апликации и софтвери чие користење е одобрено од ИТ-одделот на „ЏМ“. Секогаш треба бидеме внимателни кога ги отвораме прилозите во е-пошта и кога отвораме хиперврски и треба да внимаваме дали врските се од деловна природа и дали доаѓаат од познат извор.

## Создавање, пристап и одржување

Сите ние треба да се грижиме кога создаваме или пренесуваме нови информации. Мора да ја земеме предвид нашата публика и како тие информации може да се протолкуваат точно или грешно. Ако создаваме чувствителни информации, на пример, во документ или е-пошта, тогаш имаме одговорност да одредиме дали треба да им дадеме до знаење на другите дека тие информации се чувствителни.

Информациите треба да бидат употребливи: треба да бидат точни, добро организирани и до нив да има лесен пристап, како сега, така и во иднина. Исто така, мора да бидеме свесни на можните законски и регулаторни правила што може да влијаат врз начинот на кој управуваме, ги штитиме, ги задржуваме или се ослободуваме од сите наши информации, вклучувајќи ги и деловните извештаи и личните информации.

### Како ова се однесува на мене?

- Јас имам сомнежи за која било е-пошта што ја добивам од некого што не го познавам или се однесува на неочекувана тема.
- Ги чувам лозинките доверливи и ги правам подолги и посилни.
- Користам само безбедна ИТ.
- Не ја користам личната е-пошта или платформите како што се WhatsApp или WeChat за да споделувам доверливи информации.
- Никогаш не давам лични или доверливи информации преку телефон, лично или на кој било друг начин, освен ако не сум сигурен/сигурна кому му ги давам и дека тоа лице има право на пристап до тие податоци.
- Ги поддржувам и охрабрувам моите колеги да ги спроведуваат практиките за безбедно работење и ги пријавувам сите проблеми кај мојот менаџер, менаџерот за безбедност и кај ИТ-одделот на „ЏМ“.
- Размислувам за вредноста на податоците што ги создавам и применувам соодветни контроли за пристап и безбедно одржување.
- Внимавам на мојата работна маса да нема чувствителни информации и секогаш го заклучувам компјутерот кога го напуштам мојот работен простор на крајот на денот.

## Што би направиле ВИЕ?

**П Одите на еднонеделен одмор. Дали е во ред да му ги дадете лозинките на вашиот колега во кого имате доверба дека може да провери каква било важна е-пошта од клиенти и да се пријави на апликациите што ги користите додека сте отсутни?**

**О** Никогаш не треба да ги давате вашите лозинки на кој било друг член на персоналот. Ако сте загрижени дека итна е-пошта може да дојде додека сте на одмор, контактирајте со клиентот однапред и информирајте го со кого може да контактира во ваше отсуство, или запознајте се со апликацијата Outlook access за да поставите „правило" што ќе ја препраќа вашата е-пошта кај колегата.

**П Добивте е-порака од добавувачот во врска со фактура со барање да испратите плаќање користејќи други банкарски детали. Не сте виделе претходно известување од добавувачот и не сте сигурни што треба да правите.**

**О** Застанете и размислете. Тоа не е очекувано и имате право да се сомневате. Пријавете го веднаш настанот кај вашиот менаџер и менаџерот за безбедност на фабриката или кај ИТ-одделот на ЏМ:

Фирма

**Основните вредности на „Џонсон Мети" релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- страница на myJM за безбедносни информации
- страница на myJM на одделот за Интелектуална сопственост
- Одделение за интелектуална сопственост
- Правна служба на Групацијата
- Политика за безбедност на информации
- Политика за прифатлива употреба
- Политика за класификација на информации
- Политика за заштита на податоци

# Интелектуална сопственост

**Ние ги цениме и штитиме нашите инвестиции за Истражување и развој (И и Р).**

Секоја година, во „Џонсон Мети“ вршиме големи инвестиции за И и Р за да развиваме нови производи, процеси и деловни активности.

И и Р се фундаментални за растот и за идниот успех на „Џонсон Мети“. Резултатите од програмите за И и Р, како што се пронајдоците, техничките искуства и експерименталните податоци, се нарекуваат „интелектуална сопственост“ (ИС). Важно е правилно да се управува и да се штити нашата ИС за да ги заштитува инвестициите на „Џонсон Мети“ во И и Р.

ИС може да се заштити и со правата за интелектуална сопственост (ПИС), како што се патентите што ги штитат нашите пронајдоци, трговските марки што го штитат нашиот корпоративен идентитет и нашите брендови, и авторското право што ја штити нашата комуникација. Дополнително, законот ги штити нашите трговски тајни и доверливите информации.

Очекуваме другите да ги почитуваат ПИС на „Џонсон Мети“, и исто така, се обврзуваме да ги почитуваме важечки регистрираните ПИС на другите, и да ги штитиме доверливите информации што ни ги открилe други на ист начин како што ги штитиме нашите доверливи информации.

## Како ова се однесува на мене?

- Ги почитувам ПИС на другите.
- Внимавам кога користам јавно достапни текстови и слики за да обезбедам дека не кршам нечие друго авторско право.
- Го предупредувам Одделот за интелектуална сопственост ако знам дека сме создале ИС што треба да биде заштитена.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Работите на заеднички проект поврзан со формулирањето на катализатори со надворешен партнер. Договорот што ја опфаќа оваа соработка вклучува и обврски за доверливост. На ручек, еден од вашите колеги, го спомна проблемот што го има со формулирањето на различни катализатори, што сметате дека може да се реши со формулациска техника што ја научивте од наш соработник.**

**О** Формулациската техника може да биде доверлива информација на нашиот соработник. Обврските за доверливост во договорот веројатно значат дека нам не ни е дозволено да ги откриваме или користиме информациите што ги добиваме надвор од рамките на некоја соработка, дури ни во „ЏМ“. Затоа, ако му кажете на вашиот колега за формулациската техника, тоа веројатно би претставувало прекршување на договорот. Контактирајте со одделението за ИС за совет.

**П Неодамна почнавте да работите за „ЏМ“. Работите на проект тесно поврзан со некоја друга работа што сте ја работеле порано на претходното работно место и знаете како вашата претходна фирма го реши истиот проблем (што претставуваше резултат од неколкумесечни напори на И и Р). Можете ли да ја заобиколите потребната работа и да го употребите решението од вашата претходна фирма?**

**О** Користењето специфични информации од вашата претходна работа, најверојатно би претставувала прекршување на вашите обврски за доверливост кон вашиот претходен работодавач. Освен тоа, кажувајќи им на другите во вашиот тим за решението до кое дошла вашата претходна компанија, може да го “контаминира“ тимот, и значи дека „ЏМ“ би била спречена да го користи решението до кое можеби би дошла и сама. Контактирајте го одделението за ИС за да разговарате за природата на информациите и кои се вашите обврски.



**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на одделот за Интелектуална сопственост
- Оддел за интелектуална сопственост
- Политика за заштита на интелектуална сопственост и Политика за доверливи информации за вашиот сектор/дејност

# Деловно и финансиско известување

**Обезбедуваме дека книговодството на „Џонсон Мети“, евиденциите и финансиското известување прикажуваат точна и чесна слика за нашето работење.**

Финансиските податоци на кои можеме да им веруваме не само што треба да се усогласени со нашите политики, надворешните сметководствени стандарди и сите важечки закони и регулативи, туку исто така, за да можеме да носиме информирани одлуки за развој на нашата дејност и за да го зачуваме нашиот углед.

### Како ова се однесува на мене?

- Јас сум искрен и внимателен кога поднесувам барања за покривање трошоци, и кога е соодветно, документ за одработени часови и водам сметка да бидат во согласност со политиката на „Џонсон Мети“.
- Водам сметка сите договори што ги склучувам во име на „ЏМ“, или трансакциите што ги овластувам, да бидат во согласност со моето ниво на овластување и да се придржувам кон нашите политики за ангажирање на трети страни.
- Кога вршам набавки или купувам услуги во име на „ЏМ“, обезбедувам дека „ЏМ“ добива вредност за парите и спроведувам оглас за јавна набавка секогаш кога е можно.
- Ги евидентирам точно сите трансакции во соодветниот сметководствен период, заедно со соодветни детални докази и во согласност со сметководствената политика на „Џонсон Мети“.
- Објективен/објективна сум кога пишувам извештаи, водејќи сметка да бидат урамнотежени, а не само да ги истакнуваат позитивните точки.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Се приближува крајот на годината и треба да платам фактура од добавувач. Ако платам пред крајот на месецот, нема да ја постигнам зададената работна цел. Треба ли да почекам до крајот на месецот и потоа да платам?**

**О** Треба да плаќаме фактури тогаш кога истекува нивниот рок за плаќање, без оглед како тоа влијае на нашата зададена работна цел. Треба да имаме политика за плаќања во која ќе се наведува дека ќе ги плаќаме фактурите во следниот термин за плаќање по истекот на рокот за плаќање (вообичаено 60 дена по прием на фактурата). Значи, ако рокот за плаќање на фактурата истекува пред терминот за плаќање во месецот, треба да ја платиме во тој термин. Ако фактурата достасува после последниот термин за исплата во месецот, нашата политика е да ја платиме во следниот термин за исплата, што ќе биде во следниот месец - ако тоа е во согласност со нашите одредби и услови, тогаш тоа е правилниот начин на кој треба да делуваме.

**П Примивте фактура што мора да се плати веднаш, но, таа го надминува износот за кој сте овластени, а вашиот менаџер е надвор од земјата. Добавувачот се заканува со законски мерки ако не платите веднаш. Еден колега предлага да ја платите, а потоа да побарате вашиот менаџер да ја потпише откако ќе биде платена.**

**О** Секоја фактура мора да се овласти соодветно пред да се плати, затоа, не можете да го послушате советот на вашиот колега. Сепак, ова не е необична ситуација, и затоа, веројатно има некое прифатливо решение во согласност со политиките на „Џонсон Мети“. Ако ситуацијата е итна, контактирајте со вашиот локален финансиски контролор или финансискиот директор на секторот кој има постапка соодветна за оваа ситуација.



### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Контролен прирачник на Групацијата
- Локален финансиски менаџер или финансиски контролор
- Финансиски директор на дивизијата
- Сметководство на Групацијата

# Точност на евиденцијата

**Ние сме чесни и прецизни во сета наша деловна евиденција и секаков вид известувања, без оглед кој е одредениот примател и целта на документот или евиденцијата.**

Важно е дека можеме да имаме доверба во деловното сметководство што го имаме и известувањата што ги добиваме или даваме. Секогаш кога создаваме евиденција (на пример, за резултатите од тестирање на квалитетот и инспекциите на производи, документ за одработени часови, учесници на обука или чекори што сме ги презеле за да собереме информации), треба да го сториме тоа точно и чесно, така што ние и засегнатите страни, вклучувајќи и други вработени, клиенти, добавувачи и владини агенции можат да се потпрат на тоа.

Ако евиденцијата се менува со цел финансиска добивка (без оглед дали од страна на фирмата или од поединци), или друга лична добивка, ова може да биде измама што може да биде кривично дело за ЏМ и/или вработен поединец.

### Како ова се однесува на мене?

- Јас секогаш ги евидентирам деловните информации на точен, вистинит и навремен начин и во согласност со сите соодветни политики, професионални стандарди и локални закони.
- Никогаш не фалсификувам и не ги менувам неправилно записите или намерно дозволувам да биде создаден погрешен впечаток.
- Ги уништувам или бришам деловните книги само во согласност со политиките за задржување документи.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Работите во одделот за квалитет и ви беше кажано дека еден од процесите за тестирање не ги дава очекуваните резултати, не ја одразува реалноста и резултатите од тестот се надвор од спецификацијата договорена со клиентот. Кажано ви е дека постои математички начин да го одредите резултатот што би бил во рамките на договорената спецификација, а од вас е побарано да го забележите тој број. Што треба да направите?**

**О** Тоа би било фалсификување на записот и не смеете да го направите тоа. Ако процесот на тестирање не дава резултати во кои можеме да веруваме, тогаш процесот ќе мора да се смени и/или да се смени или да се договори поинаква спецификација со клиентот. Треба да разговарате со својот менаџер и ако не сте задоволни со исходот од овој разговор треба да **Пријавите**.

**П Од вас е побарано да обезбедите информации за ИТ-тимот на „ЏМ“ поврзани со податоците што се обработуваат во вашата област на работа. Не разбирате зошто им требаат тие информации и многу сте зафатени со исполнување со други задачи. Неколку недели подоцна сфаќате дека не сте одговориле на барањето и бргу пишувате одговор по сеќавање, без да се вратите да ги проверите записите што ги имате.**

**О** Ова не е добар начин да ѝ пристапите на ситуацијата. Ако не разбирате зошто им требаат овие информации или како да ѝ дадете приоритет на ваквата задача, треба да побарате појаснување од ИТ-тимот на „ЏМ“ и/или од вашиот менаџер. На ИТ-тимот на „ЏМ“ може да му требаат информациите од важни причини (би можело да биде и за вршител на контрола) и може да се потпира на информациите што сте ги доставиле. Ако не сте нашле време да направите правилно известување, ИТ-одделот на „ЏМ“ , не сакајќи, може да ги базира своите одлуки на неточни или нецелосни информации.



**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Правна служба на Групацијата
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата

# Надворешна комуникација

**Дејствуваме одговорно и ги земаме предвид последиците од нашите дејства кога пренесуваме информации за нашиот бизнис.**

Комуникацијата со надворешни лица мора да биде ефективна, урамнотежена, јасна и доследна. Дијалогот со нашите надворешни заинтересирани страни мора да биде транспарентен, искрен, а не непрецизен или лажен.

Кога „Џонсон Мети“ треба да даде информации што официјално ги одразуваат погледите на фирмата (како што се финансиските резултати, управувањето со кризи или развој на бизнисот), за фирмата треба да зборуваат само оние лица што се официјално овластени да го прават тоа. Дополнително, целокупната комуникација треба претходно да биде одобрена од соодветен претставник.

Исто така, треба да внимаваме кога нудиме спонзорство или кога даваме препораки. Лошиот избор може да му наштети на нашиот углед, ако некоја организација или производ не се во склад со визијата, стратегијата и вредностите на „ЏМ“. Секогаш осврнувајте се на насоките во Политиката за инвестирање во заедницата.



Мора да размислите внимателно, ако од вас се побара да дадете препорака за производи или услуги на трети страни. Најпрво, ако го сторите тоа, кажувате дека „ЏМ" е задоволна од тој производ или услуга и дека би им го препорачала на други. Второ, ако се согласиме со препораката, мораме да бидеме сигурни дека формулираниот текст што го користи третата страна не е лажен. Поконкретно, текстот за препорака треба да има ограничена цел, на пример, онаму каде што се работело со локацијата на „Џонсон Мети" во Клитеро (Clitheroe) во Обединето Кралство, тој треба да биде јасен, а не да дава впечаток дека тие работеле за целата групација. Ако имате било какви сомнежи, не согласувајте се да дадете препорака. Ако имате било какви прашања, ве молиме, контактирајте со тимот за корпоративна комуникација на Групацијата.

### Како ова се однесува на мене?

- Им пренесувам информации на надворешни лица во име на „Џонсон Мети" само кога сум посебно овластен да го направам тоа.
- Било кои барања за информации што не сум овластен/овластена да ги дадам или се чувствувам непријатно да ги дискутирам во надворешната комуникација, ги препраќам кај мојот менаџер, тимот за корпоративна комуникација на Групацијата или кај други што се на позиција да одговорат.
- Пред да дадам изјави во врска со „Џонсон Мети" на локален, национален, светски или трговски печат, барам одобрување од тимот за корпоративна комуникација на Групацијата или други овластени лица.
- Ако сум назначен/на да разговарам со медиуми во име на „Џонсон Мети", ќе се осигурам дека пред тоа ќе ја завршам обуката за комуникација со медиуми.

# Надворешна комуникација
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Вие сте на конференција и ви пристапува новинар и ве прашува за последната набавка на „Џонсон Мети“. Знаете нешто за тоа и мислите дека можете да помогнете и да ги одговорите прашањата на новинарот.**

**О** Освен ако не сте конкретно овластени да зборувате со новинарите на оваа тема, љубезно одбијте да коментирате и насочете го прашањето или кон портпаролот на фабриката или кон тимот за корпоративна комуникација на Групацијата.

**П Клиент со кој работите редовно бара неофицијално да го информирате за новите финансиски резултати на „Џонсон Мети“. Сте слушнале дека деловните перформанси се на добар пат и претпоставувате дека резултатите се добри.**

**О** Љубезно објаснете дека не можете да коментирате за финансиските резултати сè додека „Џонсон Мети“ не ги објави официјално.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на тимот за односи со инвеститорите и корпоративна комуникација на Групацијата“
- Тим за корпоративна комуникација на Групацијата
- Портпарол за комуникација на фабриката

# Социјални медиуми

## Одговорни сме за сѐ што објавуваме во сите облици на социјални медиуми.

Социјалните медиуми се факт, се користат за сѐ - од одржување контакт со пријателите, до склопување нови познанства или следење на најновите вести. Без оглед дали користите Twitter, LinkedIn, Facebook, Snapchat или која било друга платформа, од вас се очекува да ги користите социјалните медиуми одговорно. Она што го кажувате на социјалните медиуми може да остане јавно со години и длабоко може да влијае на вашиот углед и на угледот на „ЏМ“.

Како иновативна научна и технолошка фирма, ние, се разбира, учествуваме во поширокиот разговор во рамките на нашата индустрија, и социјалните медиуми се едно од местата каде што ги водиме тие разговори со нашите партнери. Ние секогаш ќе ве охрабруваме да се вклучите во тој разговор, но имајте на ум дека она што го објавувате е ваша одговорност. Не смеете никогаш да споделувате доверливи информации, да кажувате нешто што го става нашиот углед во опасност или да зборувате во име на „Џонсон Мети“ како целина.

Линијата помеѓу личното и професионалното на социјалните медиуми може да биде доста нејасна; запомнете дека кога објавувате, лајкувате, ретвитувате итн. во какво било својство, може да биде ризично, двата начини на употреба се опфатени во нашата политика за социјални медиуми. Ако сметате дека сте виделе нешто што ги крши правилата на оваа политика, имате одговорност да ги пренесете овие информации кај соодветни луѓе во компанијата ЏМ.

### Како ова се однесува на мене?

- Одговорни сме за сѐ што објавуваме на сите облици на социјални медиуми.
- Разумно расудувам и размислувам кога комуницирам со надворешни лица.
- Не заборавамe дека она што ќе го објавиме ќе биде јавна информација долго време.
- Ја штитиме приватноста на другите и на доверливите информации на „Џонсон Мети“.
- Никогаш не зборуваме во име на „Џонсон Мети“ на социјалните медиуми.
- Разбираме дека одговорност на сите е да помогнеме да се заштити угледот на „Џонсон Мети“.

# Социјални медиуми
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Вашиот бизнис се реконструира и вие не сте задоволни со промените. Сакате да споделите што чувствувате со пријателите преку вашиот личен профил на Facebook.**

**О** Сепак, ако изберете да ги споделите чувствата преку Facebook, размислете внимателно пред напишете нешто. Во Кодексот нема ништо што е наменето да ја попречи, ограничи или спречи комуникацијата на вработените за работните околности. Сепак, треба да бидете обсирни кон другите кога го правите тоа, па затоа имајте ги предвид информациите наведени во нашата политика за социјални медиуми. Би било подобро да ја пријавите вашата загриженост директно кај вашиот менаџер или кај ЧР. Запомнете дека нашата политика се однесува на користење, како на личните социјални медиуми, така и на професионалните.

**П Гледате коментар објавен на социјалните медиуми за област од технологијата што е релевантна за „Џонсон Мети“. Сметате дека имате нешто корисно да кажете.**

**О** Секогаш ќе ве охрабруваме да придонесете и да помогнете во изградбата како на вашиот, така и на профилот на „Џонсон Мети“. Сепак, запомнете дека мора да ги спомнете само јавно достапните информации. Соодветно е да се зборува за работа и да се има дијалог во рамките на професионалната заедница, но мора да се погрижите да не откривате доверливи информации или интелектуална сопственост кога го правите тоа, а особено е важно да бидете јасни дека го наведувате своето мислење, а не на целокупната „ЏМ“.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM на тимот за корпоративна комуникација на Групацијата
- Политика за социјални медиуми

# Внатрешни информации

## Ние секогаш ги разбираме нашите одговорности во однос на внатрешните информации.

Внатрешните информации се облик на доверливи информации од прецизна природа што не се јавни, но ако беа, веројатно би имале значаен ефект врз цената на акциите на „Џонсон Мети“.

Од вработените не се очекува да донесат конечна одлука за тоа дали информациите се внатрешни, но ако имате какви било сомневања, треба да го проследите прашањето кај член на Комитетот за обелоденување (Главен извршен директор, Главен финансиски директор и Секретар на компанијата). Внатрешните информации може да вклучуваат, на пример, информации во врска со тргувањето на „Џонсон Мети“ и/или за финансиските резултати, предвидувањата за заработката, трансакциите како што се набавките и располагањето или кои било други поголеми промени во нејзиното работење.

Политика за внатрешните информации на „Џонсон Мети“ утврдува задолжителни процедури за да обезбеди дека вработените и останатиот персонал можат да:

- ги идентификуваат потенцијалните внатрешни информации;
- го пренесат прашањето бргу преку соодветните внатрешни канали; и
- ги заштитат и контролираат внатрешни информации.

Ако имате информации што би можеле да бидат, или имаат потенцијал да станат внатрешни информации, мора веднаш да го известите членот на Комитетот за обелоденување на „Џонсон Мети“. Овој комитет е одговорен за идентификување и следење на постоењето на внатрешни информации и одобрување на нивното откривање на пазарот.

Не смеете да тргувате со акции на „Џонсон Мети“ (или други финансиски инструменти) кога имате внатрешни информации и не смеете да ги откривате тие информации или да поттикнувате трета страна да го стори истото.

# Внатрешни информации
продолжение

**Внатрешното тргување е кривичен прекршок во многу земји во кои работиме.**

Вработените со пристап до внатрешни информации мора да обезбедат дека информациите се соодветно складирани, заштитени и управувани, така што да се одржува доверливоста и да не постои неовластен пристап до внатрешните информации.

Одржуваме доверливи списоци за лицата со пристап до доверливи информации што не се внатрешни информации, но имаат потенцијал да станат внатрешна информација во иднина. Ако вашето име е вклучено во доверливиот список, можноста да тргувате со акции на „ЏМ“ може да биде ограничена, вклучувајќи ги и барањата да добиете дозвола однапред. Ќе бидете известени ако вашето име е вклучено во доверливиот список и за ограничувањата што се однесуваат на тргување со акции што ви се наметнати како резултат на тоа.

## Како ова се однесува на мене?

- Не тргувам со акции на „Џонсон Мети“ додека поседувам внатрешни информации.
- Не тргувам со акциите на „Џонсон Мети“ додека поседувам информации што имаат потенцијал да станат внатрешни информации или немаат претходно одобрување, ако ми биле наметнати ограничувања за тргување со акции.
- Не охрабрувам, прашувам или наложувам на трета страна да тргува со акциите на „Џонсон Мети“ додека имам внатрешни информации.
- Го следам Кодексот за правење зделки и било кои други ограничувања во врска со акциите на „Џонсон Мети“ ако сум известен дека истите важат за мене.
- Не учествувам во злоупотребува на пазарот или манипулација со ширење лажни информации за „Џонсон Мети“.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Работите на набавка за која знаете дека би можела да влијае врз цената на акциите на „Џонсон Мети“ штом ќе се објави како таква, и ве известија дека за вас важат ограничувања во трговијата со акции. Татко ви ве прашува дали треба да инвестира во некои акции на „Џонсон Мети“ во блиска иднина.**

**О** Не можете да помогнете некому да донесе одлука дали да инвестира во акциите на „Џонсон Мети“ врз основа на внатрешните информации што можеби ги поседувате. Вашиот татко треба да одлучи сам или да побара независен совет дали да го стори тоа или не.

**П Поради вашата позиција, имате пристап до доверливи информации што не се достапни јавно, но може да не сте сигурни дали информациите ќе имаат влијание врз цената на акциите на „Џонсон Мети“ ако се објават јавно. Сакате да одите на одмор и сакате да продадете дел од вашите акции во „Џонсон Мети“ и така да платите за одморот.**

**О** Треба да побарате совет од Секретаријатот на компанијата или правната служба на Групацијата, дали доверливите информации до кои имате пристап може да се сметаат за внатрешна информација. Ако се внатрешна информација, за жал, нема да можете да ги продадете своите акции во моментот.



**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Постапување со интегритет
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Секретаријат на фирмата
- правна служба на Групацијата



# Планета

Се заложувам дека ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлив бизнис






| | |
|---|---|
| Интегритет на нашиот синџир на набавки | 78 |
| Животна средина | 81 |
| Раководење со производот | 83 |
| Инвестирање во заедницата | 85 |

# Интегритет на нашиот синџир на набавки

**Очекуваме етички и одржлив пристап кон бизнисот од нашите добавувачи.**

Нашата цел е да обезбедиме дека сите суровини и услуги што ги купуваме се произведени одговорно.

Нашиот Кодекс на однесување за добавувачи ги утврдува нашите очекувања за снабдувачите во врска со човековите права, работните практики, здравјето и безбедноста, заштитата на животната средина и деловната етика. Поконкретно, очекуваме од сите добавувачи да ги поддржуваат принципите дефинирани во Основните конвенции на Меѓународната организација на трудот, Глобалното влијание на Обединетите Нации (ОН) и Водечките деловни принципи и човекови права на ОН. Ги охрабруваме сите наши добавувачи да го постигнат сертификатот ISO14001 за Управување со животната средина, таму каде што е соодветно за нивното деловно работење.

Посветени сме на решавање на глобалниот проблем со современото ропство и трговијата на луѓе, така што ги проценуваме нашите синџири за набавка со повисок ризик како индикатори за овие проблеми. Вршиме годишно јавно откривање на информации од јавен карактер за нашиот напредок во оваа област во согласност со важечките законски барања.



Се заложуваме дека:

- Претставување на кодексот на однесување за нови и постојни добавувачи,
- Проверување на усогласеноста на постојните добавувачи со Кодексот на однесување на добавувач и соработка со нив за да им помогнеме да ги подобрат нивните бизнис практики онаму каде што не ги исполнуваат барањата,
- ќе ги известуваме транспарентно сите наши засегнати страни за нашиот напредок во постигнувањето на усогласеноста со нашиот Кодекс за однесување на добавувач низ нашиот синџир на набавки,
- ќе одговориме веднаш на барањата на клиентите за информации за одржливи деловни практики преку нашите синџири за набавка за производот што го купуваат,
- ќе придонесуваме за глобално искоренување на современото ропство и трговијата на луѓе.

### Како ова се однесува на мене?

- Водам сметка дека луѓето со кои работам во синџирот за набавка се запознати со нашиот Кодекс на однесување на добавувач и како се тоа однесува на нив.
- Одговорен сум да пријавувам загрижености за современо ропство и кои било други злоупотреби поврзани со работните односи што ги забележувам во кој било дел од работните активности на „Џонсон Мети“ или во нашите синџири на вредност (набавка на репроматеријал, производство и продажба на готов производ).
- Одговорен сум да одговорам позитивно на барањата на клиентите за информации во врска со изворот на суровини во производите на „ЏМ“ и да барам совет ако е потребно.

# Интегритет на нашиот синџир на набавки

продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П треба да почнете да работите со нов добавувач, но сте прочитале во весник дека во службата за чистење, земена по договор, добавувачот не им ја дава на работниците минимална плата и дека тие не се слободни да ја напуштат работата.**

**О** „Џонсон Мети“ е посветена да обезбеди дека нејзините добавувачи не користат поробена или принудена работна сила. Треба да **Пријавите** кај вашиот линиски менаџер или да контактирате со правната служба на Групацијата или со тимот за етика и усогласеност на Групацијата, а тие ќе го испитаат проблемот понатаму.

**П Еден клиент контактира со вас и бара декларација за користење на „конфликтни“ минерали на „Џонсон Мети“. Што треба да направите?**

**О** Компанијата „Џонсон Мети“ е посветена на транспарентност со своите клиенти, исто како што очекуваме и тие да бидат со нас, и секогаш ќе бидеме подготвени да одговориме отворено на барање како ова. Терминот „конфликтни минерали“ има многу карактеристична дефиниција во меѓународното право. Ве молиме да контактирате со раководителот на вашиот сектор за одржливост или со тимот за одржливост на Групацијата за да научите како да одговорите соодветно на барањето на вашиот клиент.

### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Заедничко работење
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Страница на myJM на тимот за одржливост
- Страница на myJM на тимот за етика и за усогласеност на Групацијата
- Изјава на „ЏМ“ за современото ропство
- Кодекс за однесување на добавувачи, на Групацијата
- Политика за етичка и одржлива набавка на Групацијата
- Тим за одржливост на Групацијата
- Локални човечки ресурси и човечки ресурси на ниво на Групација
- Тим за етика и за усогласеност на Групацијата
- Правна служба на Групацијата

# Животна средина

**Ние, како глобална компанија, ја прифаќаме нашата обврска да ги штитиме луѓето и планетата.**

Должни сме да ги штитиме ограничените ресурси што го одржуваат нашето работење и да работиме на начин што ќе ги зачува тие ресурси што е можно подолго. Во најмала рака, ќе работиме во согласност со важечките национални, регионални и локални закони и регулативите за животната средина. Доколку имаме можност ќе применуваме повисок стандард од пропишаниот, за да го намалиме нашето влијание врз животната средина.

Во нашето работење, идентификуваме и управуваме соодветно со опасни хемикалии, води и отпад. Се обидуваме да го намалиме што е можно повеќе тврдиот и течниот отпад и емисиите во воздухот, водејќи сметка да не ги надминеме границите што сме обврзани да ги почитуваме во согласност со дозволата или законодавството.

## Како ова се однесува на мене?

- Го намалувам отпадот што е можно повеќе, рециклирам и повторно употребувам материјали кога тоа е можно, и патувам само кога е неопходно.
- Ги почитувам стандардите на мојата фабрика за заштита на животната средина и за користење на ресурсите.
- Соодветно ракувам со опремата, ја одржувам инфраструктурата и користам само сензори и други заштитни уреди што се соодветно калибрирани и одржувани.
- Ги проценувам сите промени (или потенцијални промени) во погоните или процесите во однос на влијанието врз животната средина, здравјето и безбедноста, како и законодавството.



# Животна средина
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Кратко пред отворањето на нова фабрика,ве советуваат дека најпрво треба да набавите задолжителна дозвола за емисии во воздухот. Добивањето на дозволата ќе го задоцни отворањето на локацијата.**

**О** Во најмала рака, нашите фабрики мора да се во согласност со применливи закони и регулативи во секое време. Затоа, не смеете да почнувате да работите додека не ги добиете сите регулаторни дозволи. Мора веднаш да **Пријавите** за да обезбедите дека повисоката управа е информирана за потребата да се добие дополнителна дозвола.

**П Во текот на рутинска инспекција, забележувате дека почнува да откажува контејнер со опасни материјали.**

**О** Посветени сме на одговорното управување со нашите опасни материјали, што вклучува безбедно складирање за да се спречи испуштање. Треба веднаш да го **Пријавите** она што го забележавте, за да се изврши итна поправка или замена на контејнерот, со цел да се заштитат луѓето и животната средина.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување

**Повеќе помош и ресурси**

- Страници на myJM на тимот за БЗЖ и тимот за одржливост
- Директор/Менаџер за БЗЖ на Групацијата
- Менаџер за БЗЖ на фабриката и секторот
- Тим за одржливост на Групацијата

# Раководење со производот

**Ние разбираме дека нашата одговорност се протега низ целиот животен циклус на производот.**

Нашата цел е да ги штитиме нашите луѓе, корисниците на нашите производи и животната средина, користејќи ги најбезбедните хемиски производи и процеси за да можеме да ги доставиме саканите технолошки перформанси. Нашата посветеност на раководењето со производ е важен елемент на нашата поширока цел за одржливост.

Како дел од оваа посветеност, потврдуваме дека сите хемиски средства што ги употребуваме и произведуваме мора да се управуваат одговорно. Честопати, производите што им ги доставуваме на нашите клиенти претставуваат важен дел од крајниот производ што се доставува кај корисникот. Си поставуваме себеси високи стандарди: нашите клиенти сакаат да видат докази дека ги разбираме опасностите присутни во нашите производи, и дека преку разбирање на нивната употреба, можеме да им помогнеме да управуваат со последователните ризиците.

Ова значи дека ние:

- ги идентификуваме и разбираме опасностите по однос на здравјето на луѓето и животната средина во однос на хемикалиите во нашите фабрики,
- пренесуваме јасни информации за опасностите поврзани со хемикалиите во нашите фабрики,
- усвојуваме пристап кон животниот век на нашите производи, го проценуваме нивното влијание врз здравјето, безбедноста и животната средина во секоја фаза на истражување, развој, комерцијализација и престанок на употреба,
- бараме можности да ги замениме опасните хемикалии и производи со технички еквивалентни (или подобри), но побезбедни алтернативи,
- водиме сметка да се придржуваме до сите законодавства за контрола на хемикалии што важат за нашето работење, набавките, ракувањето со материјали и доставувањето.

## Како ова се однесува на мене?

- Не купувам, произведувам или доставувам хемиски производи ако претходно не потврдам дека е направена соодветна процена на безбедноста и преглед на регулативите.
- Водам сметка да сум свесен/на за опасностите поврзани со хемикалиите со кои се работи во моите работни области и дека ги следам безбедносните препораки за да се заштитам себеси и моите колеги.
- Внимавам на ситуации со реално или потенцијално небезбедно ракување/користење на хемиски производи и ги пријавувам проблемите соодветно.

# Раководење со производот
продолжение

## Што би направиле ВИЕ?

**П Најден е поевтин алтернативен добавувач на клучна суровина. Постапката за квалификација на добавувачот откри одредени сомнежи во однос на усогласеноста на добавувачот со задолжителната регистрација на хемикалии во земјата во која работи. „ЏМ“ нема обврска да се придржува до тие барања.**

**О** Посветени сме да работиме со интегритет, а тоа вклучува учесниците во нашиот синџир за набавка да ги исполнуваат нивните регулаторни обврски за усогласеност. Исто така, и нашите клиенти го очекуваат тоа. Разговарајте за законските барања со добавувачот. Ако тие навистина се важечки и добавувачот не може да ги исполни, треба да најдеме алтернативен добавувач. Не можеме да соработуваме со доставувачи кои не го почитуваат законот.

**П Во нашата фабрика се воведува нов производен процес, но се употребува суровина со која досега не сте ракувале. Безбедносниот лист на добавувачот содржи само ограничени податоци за опасностите и како да ракувате безбедно со материјалот. Бизнисот се наоѓа под притисок да го почне производството за да ги исполни обврските за испорака.**

**О Пријавете**. Информирајте го лицето одговорно за здравјето и безбедноста на фабриката, кое мора да обезбеди дека сите соодветни информации се достапни за да се обезбеди дека ракувањето со суровините не ги става во опасност луѓето и животната средина. Каде што недостасуваат информации, ЏМ мора да има претпазлив пристап сè додека не се разберат добро сите ризици.

**Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:**

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

**Повеќе помош и ресурси**

- Страница на myJM за раководење со производи
- Рамка за управување на БЗЖ на Групацијата (ги содржи соодветните политики за ракување со производи и управување со изложеноста на хемикалии)
- Менаџер на Групацијата за раководење со производи
- Раководење со производ на ниво на фабрика или сектор и тим за регулаторни прашања

# Инвестирање во заедницата

**Ние веруваме дека инвестирањето во заедниците е клучниот дел од нашата социјална заложба кон местата во кои работиме.**

Можеме да дадеме голем придонес во социјалниот и економскиот развој на нашите локални заедници како работодавач и преку соработки и инвестиции, како финансиски, така и со нашиот ангажман. Нашата цел е исто така да го поддржуваме идниот раст на нашиот бизнис, со промоција на науката како професионална определба на младите. За да ги постигне овие цели, „Џонсон Мети“ ги охрабрува сите свои дејности да отпочнат  програма за инвестирање во заедницата. Исто така, ги охрабуваме и поттикнуваме сите вработени да волонтираат за да ги поддржат локалните заедници и соберат средства за добри цели.



# Инвестирање во заедницата
продолжение

Нашата Политика за инвестирање во заедницата ги наведува сите видови активности и примачи што ги поддржуваме и критериумите што мора да се исполнуваат, за да не дојдат во конфликт нашите добронамерни напори и придонеси со пошироката политика на „Џонсон Мети“ или да го повредат нашиот углед.

„ЏМ“ им дава на сите вработени два дена платено отсуство за волонтирање, а деталите се наведени во нашата Политика за волонтирање на вработени. Тие можат да се користат за да се придонесе кон постигнување на целта за одржливо работење на „ЏМ“ од кумулативни 50.000 дена до 2025 година.

Покрај тоа, собраните финансиски средства на „ЏМ“ по вработен го достигнуваат износот до вкупно 1.000£ (или еквивалентно, во локалната валута) годишно.

### Како ова се однесува на мене?

- Информиран сум како можам да учествувам во програмата на мојата фабрика за инвестирање во заедницата со тоа што ќе се пријавам како доброволец во локалната заедница или во добротворната организација, или ќе учествувам во активностите за собирање средства за добротворна цел.
- Водам сметка да ги следам политиката за инвестирање во заедницата и политиката за волонтирање на вработени на Групацијата пред да се заложам за какво било инвестирање во заедницата, вклучувајќи и добротворни донации.
- Не ја вклучувам „Џонсон Мети“ во граѓански или политички активности во кои учествувам лично.



## Што би направиле ВИЕ?

**П Добротворна организација во која учествувате станала партнер на организација за образование по природни науки и планира саем за природни науки во едно локално училиште. Сакате да се пријавите како доброволец, но саемот за природни науки се одржува во работен ден.**

**О** Разговарајте со вашиот менаџер објаснувајќи го историјатот на активноста, вашата желба да учествувате и тогаш предадете го вашето онлајн барање преку myJM и побарајте одобрување да учествувате. Како алтернатива, прашајте го вашиот линиски менаџер или претставникот од ЧР да го пополни онлајн барањето во ваше име.

**П „Џонсон Мети“ неодамна ја превзема вашата фабрика и нема програма за инвестирање во заедницата. Сакате да** ѝ **помогнете на „Џонсон Мети“ да влијае врз вашата заедница.**

**О** Разговарајте со вашиот менаџер и со тимот за корпоративна комуникација на Групацијата, за отпочнување на програма. Во зависност од тоа колку сакате да се вклучите, можеби ќе сакате да ве назначат како „Шампион на заедницата“, за да бидете главен контакт за инвестирање во заедницата во вашата фабрика.

### Основните вредности на „Џонсон Мети“ релевантни за овој дел се:

- Заштита на луѓето и планетата
- Постапување со интегритет
- Иновации и подобрување
- Одговорни сме за сопствените активности

### Повеќе помош и ресурси

- Политиката за инвестирање во заедницата на Групацијата
- Политика на„Џонсон Мети“ за доброволно инвестирање во заедницата за Северна Америка
- Политика за волонтирање на вработени
- Шампион на нашата фабрика за односи со локалната заедница
- Корпоративна комуникација на Групацијата

# Теми на кодексот и водич за политиките

| Делови на кодексот | Теми | Политики и ресурси |
|---|---|---|
| **Луѓе**<br>Се заложувам дека ќе работам безбедно и дека ќе ги почитувам правата на другите | Здравје и безбедност | • Политика за безбедност, здравје и животна средина на Групацијата<br>• Политики за спасување живот на Групацијата |
| | Позитивна работна средина | • Политика на ЧР за заедничко работење<br>• Политика на ЧР за еднакви можности |
| | Заштита на податоци | • Политика за заштита на податоци<br>• Известување за приватност на податоци<br>• Политика за безбедност на информации |
| | Човекови права | • Политика на ЧР за заедничко работење<br>• Политика на ЧР за еднакви можности<br>• Декларација за современото ропство на „Џонсон Мети Плц“<br>• Кодекс за однесување на добавувач на „Џонсон Мети“ |
| | Конфликт на интереси | • Политика за конфликт на интереси<br>• Локални правила за подароци и гостољубивост<br>• Политика за набавки на Групацијата |
| **Пазар**<br>Се заложувам дека ќе работам одговорно, праведно и законски | Трети страни | • Глобална политика против поткупување и корупција<br>• Политика и процедура за високоризична глобална трансакција<br>• Политика на групата за финансиски криминал и против перење пари<br>• Политика за контроли на трговија и извоз на Групацијата<br>• Сите релевантни процедури за длабинска анализа<br>• Кодекс за однесување на добавувач на „Џонсон Мети“ |
| | Поткуп и корупција | • Глобална политика против поткуп и корупција<br>• Политика и процедура за високоризична глобална трансакција<br>• Процес за проценка на ризикот од посредник-трета страна |
| | Подароци и гостољубивост | • Глобална политика против поткуп и корупција<br>• Локални правила за подароци и гостољубивост |
| | Фер конкуренција | • Глобална политика и насоки за законот за конкуренција<br>• Насоки за законот за конкуренција на „ЏМ“ во вашата дејност |
| | Финансиски криминал | • Политика на Групацијата за финансиски криминал и против перење пари |
| | Контроли на трговија и на извоз | • Политика за контроли на трговија и извоз на Групацијата<br>• Прирачници на „Џонсон Мети“ за усогласеност на увоз и извоз за Северна Америка<br>• Политика на Групацијата за рачен багаж |

| Делови на кодексот | Теми | Политики и ресурси |
|---|---|---|
| **Фирма**<br>**Ќе ги штитам брендот, средствата и угледот на „Џонсон Мети“** | Корпоративна безбедност | • Безбедносна полиса на Групацијата<br>• Политика за заштита на податоците<br>• Политика за безбедност на информациите |
| | Безбедност на информациите | • Прифатлива политика за користење<br>• Политика за безбедност на информациите<br>• Политика за класификација на информациите<br>• Политика на заштита на податоците |
| | Интелектуална сопственост | • Процес за одобрување публикации<br>• Упатства за објавување образец за откривање на пронајдок<br>• Заштита на секторска/деловна ИС и политика за доверливост на информации |
| | Деловно и финансиско известување | • Прирачник за контрола на групацијата<br>• Изјава на групацијата за овластувања<br>• Локални политики на групацијата за патувања и трошоци |
| | Точност на евиденцијата | • Контактирајте ја Групата за етика и усогласеност |
| | Надворешна комуникација | • Политика за надворешна комуникација |
| | Социјални медиуми | • Насоки за комуникација со социјалните медиуми |
| | Внатрешни информации | • Политика за внатрешни информации<br>• Кодекс за тргување со акции на „Џонсон Мети“ |
| **Планета**<br>Се обврзувам дека ќе ја поддржувам амбицијата на „Џонсон Мети“ да изгради одржлива иднина | Интегритет на нашиот синџир на набавки | • Изјава за современо ропство на „Џонсон Мети Плц“<br>• Кодекс за однесување на добавувач на „Џонсон Мети“<br>• Одговор на „Џонсон Мети“ за “конфликтни” минерали |
| | Животна средина | • Политика на групацијата за животна средина, здравје и безбедност<br>• Политики на групацијата за спасување живот<br>• Политика за управување со енергијата<br>• Политика за одржливост на групацијата<br>• Одржливи деловни цели до 2025 год. |
| | Раководење со производот | • Политика за раководење со производот<br>• Политика за одржливост на групацијата<br>• Одржливи деловни цели до 2025 год.<br>• Воведување на нов производ (ВНП) – Политика за раководење со производ<br>• Политика за управување со строго контролирани супстанци<br>• Кодекс за однесување на добавувач на „Џонсон Мети“<br>• Политика за набавки на групацијата<br>• Процес на проценување на ризикот од посредник-трета страна |
| | Инвестирање во заедницата | • Политиката за инвестирање во заедницата<br>• Политика на „Џонсон Мети“ за доброволно инвестирање во заедницата во Северна Америка<br>• Политика за одржливост на групацијата<br>• Одржливи деловни цели до 2025 год. |

Мжоете да пристапите до сите политики преку веб-страницата на Групацијата за етика и усогласеност на myJM

Johnson Matthey
Inspiring science, enhancing life